ДАМЈАН БУЖАРОВСКИ

СЕМЕЈСТВОТО БУНДАЛЕВЦИ



СКОПЈЕ
2020

Дамјан Бужаровски

СЕМЕЈСТВОТО БУНДАЛЕВЦИ

Родословие поврзано со мојата прабаба
Тодорка Николова, моминско Бундалевска (1908–1981)
и нејзиниот брат Симон С. Бундалевски (1890/4–1989)

Скопје, 2020 година

Дамјан Бужаровски

Семејството Бундалевци

Родословие поврзано со мојата прабаба
Тодорка Николова, моминско Бундалевска (1908–1981)
и нејзиниот брат Симон С. Бундалевски (1890/4–1989)

Скопје, 2020 година

Дамјан БУЖАРОВСКИ
СЕМЕЈСТВОТО БУНДАЛЕВЦИ
Родословие поврзано со мојата прабаба Тодорка Николова, моминско Бундалевска (1908–1981) и нејзиниот брат Симон С. Бундалевски (1890/4–1989)
Прво издание, Скопје, 2020.

Издавач
Дамјан Бужаровски

Уредник
Димитрије БУЖАРОВСКИ

Графичко уредување
Трена ЈОРДАНОСКА

Графички дизајн на насловната страница
Дамјан БУЖАРОВСКИ

©Damjan Buzarovski/BuzAr, 2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

929.52Бундалевци(497.771)
929.52Ажиевци(497.771)

БУЖАРОВСКИ, Дамјан
Семејството Бундалевци [Електронски извор] : родословие поврзано со мојата прабаба Тодорка Николова, моминско Бундалевска (1908-1981) и нејзиниот брат Симон С. Бундалевски (1890/4-1989) / Дамјан Бужаровски. - Скопје : Д. Бужаровски, 2020

Начин на пристапување (URL): http://buzar.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 71 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.10.2020. - Библиографија: стр. 69-71

ISBN 978-608-245-614-0

а) Бундалевци (семејство) -- Генеалогија -- Галичник б) Ажиевци (семејство) -- Генеалогија -- Галичник

COBISS.MK-ID 52347653

Содржина

ПРЕДГОВОР....1

БУНДАЛЕВЦИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО....3

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ....3

ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА....5
Јован Бундалески (≈XVIII век – ≈XIX век)....5

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА....7
Симеон (Симон) Бундалески – постариот (живеел во XIX век)....7

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА....8
Секула (Секо) Бундалески (живеел во XIX век)....8

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА....11
Спиро Бундалевски (1862–1938)....11
Салумија Бундалевска род. Хаџиевска (1871–1962)....16

СЕДМА ГЕНЕРАЦИЈА....17
Теодора (Тодорка) Николова род. Бундалевска (1908–1981)....17
Симеон (Симон) Бундалевски–помладиот (1890/4–1989)....20
Младост и образование....20
Учесник во Првата светска војна и Октомвриската револуција....22
Изградбата на првата Термоцентрала во Битола....24
Бракот со Ратка Ракиџиева....30
Пиштолот на Гоце Делчев....32
Периодот меѓу двете светски војни....33
Бугарската окупација за време на Втората светска војна....35
Ослободувањето на Битола и изградбата на Радио Битола....36
По Втората светска војна....38
Марија-Марина Бундалевска (1901/5?–1973)....42
Првото заминување во манастир....43
Второто заминување во манастир....44
Ленче и Димитрија Бундалевски....47
Александар (Цано) Бундалевски (1909–1982)....49

СЕМЕЈСТВО ХАЏИЕВСКИ....51

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ....51

ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА....54
Исаја (Исо) Ажиески (живеел во XIX век)....54

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА 55
Толе Хаџиевски (≈XIX век) 55

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА 65
Исајло Хаџиевски (≈1870–1909) 65
Михаил (?) Хаџиевски 68

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 69
Објавени извори 69
Необјавени извори 70
Соговорници 70
Други извори 71
Документи 71

ПРЕДГОВОР

Изработката на родословија е сложена и макотрпна работа. Најнапред секогаш е посебна потешкотија да се одреди која ќе биде точката од која ќе се разгранува стеблото нанапред во времето. Исто така, посебен проблем е да се одреди семејството од кое ќе се извлекуваат стеблата во времето наназад. Јас се одлучив дека почетната точка ќе бидат моите баба и дедо, Вера и Славко Бужаровски. На тој начин се појавуваат четири семејства наназад: кај Вера Бужаровска – Бундалевски (според мајката Тодорка) и Николови (според таткото Стеван); и кај Славко Бужаровски – Мелоски (според мајката Румена) и Бужаровски (според таткото Апостол). Во оваа монографија ќе го разгледам првото од овие четири семејства – семејството Бундалевски.

Моминското презиме на прабаба ми Тодорка Николова, мајката на баба ми Вера Бужаровска, е Бундалевска. Семејството Бундалевци води потекло од селото Галичник.

Семејството Бундалевци е многу големо, затоа најмногу внимание ќе посветам на линиите кои водат до моите претци, а другите далечни роднини нема многу да ги разгледувам. Затоа и во поднасловот ја ставив мојата прабаба, бидејќи овој труд главно е насочен кон семејството од нејзиното опкружување и посебно нејзиниот брат Симон С. Бундалевски. Да ги опфатев сите гранки на Бундалевци ќе настанеше конфузија. Голем број од претците ако првата жена им умрела, се преженувале. На тој начин еден предок имал и по 7, 8 дури и 9 деца. Ако ги обработев сите нив трудот ќе немаше прегледност и многу тешко ќе беше да се следи гранката на еден предок. Сепак, накратко имам опфатено и други гранки, па некој потомок од тие гранки, ако се интересира, ќе може многу лесно да се надоврзе и да го искористи овој труд како појдовна точка за истражување на гранката од којашто тој потекнува.

Во Галичник презимињата најчесто се без в, така што презимето правилно по галички би било Бундалески/ска. Подоцна, со преселувањата на галичките фамилии во други градови, дел од презимињата се напишани со наставката *вски/вска*. Од презимето Бундалевски се среќаваат и варијантите Бундалев/а и Бундалевиќ, во зависност од тоа дали била бугарска или српска власт во Македонија, па подоцна некои го задржале презимето со ваков суфикс. Додека прапрадедо ми Спиро живеел во Романија, презимето му го промениле со романски суфикс и му било Бундалеску. По доселувањето во Македонија повторно му е променето во Бундалевиќ, Бундалев, Бундалевски и Бундалески, така што среќаваме различни документи за истото семејство. Од браќата на Спиро кои останале во Романија среќаваме потомци кои до денес го носат презимето Бундалеску.

Покрај Бундалевци, во овој труд опфатив и гранка од семејството Хаџиевци (Ажиевци), кое исто така потекнува од Галичник. Од ова семејство била мајката на прабаба ми Тодорка Салумија, па затоа, за да не ја двојам и да пишувам посебно за неа во друг труд, ја опфатив тука. За Ажиевци пишува Гапе Ажиески и го опфаќа скоро целото семејство, но за нашата гранка таму има многу малку податоци и има пропуштено некои предци, пред сè бидејќи денес нема останато машки потомци од оваа гранка, па претпоставувам дека авторот немал од каде да најде доволно податоци. Затоа јас тука детално ја обработив нашата гранка од Ажиевци.

Како што кажав, да се истражува и пишува за семејното минато е многу деликатна и компликувана работа. Во Македонија повеќето семејства познаваат до 5-6 поколенија наназад, а јас отидов, ако се бројам и себеси, до 10 поколенија наназад. Податоците за најстарите поколенија се скудни, а бројот на извори беше ограничен. Имав голем број на соговорници, но соговорникот не е секогаш најдобар извор на податоци. Поради сето ова за првите генерации има некои нелогичности кои се појавуваат, но бидејќи се работи за период од пред околу 4 столетија, немав како да ги потврдам или отфрлам. Затоа сакам да се оградам од некои ненамерни грешки кои можеби се запишани поради кажувањето на некој соговорник или извор.

Од семејствата Бундалевци и Ажиевци потекнуваат значајни личности во македонската култура и историја. Најзначаен е Партенија Зографски, кој не е дел од овој труд, бидејќи потекнува од друга гранка на Ажиевци. Дел од овие личности за жал денес се заборавени и не ѝ се познати на јавноста, па со овој труд се надевам ќе придонесам да се задржат сеќавањата за нив. Од Бундалевци потекнува Симон Бундалевски–помладиот (1890/4? – 1989), кој е современик и свидетел на Првата светска војна и Октомвриската револуција, но сепак, најзначаен е по тоа што тој во 1924 година ја изградил првата термоцентрала во Битола. Не помалку значајни се и воениот лекар Исајло Хаџиевски (≈1870–1909), и неговиот брат за кој нема сигурни податоци за името, а се појавува искажување дека бил игумен на некој манастир, можно е да е и на Јован Бигорски. Во трудов иако не е потекнува ниту од Бундалевци, ниту од Ажиевци, го опфатив и Михајло Ракиџиев, илинденец, реонски началник на Ѓавато со околината. Тој е индирекно поврзан со Бундалевци по неговата ќерка Ратка, која е сопруга на Симон Бундалевски – помладиот.

На крајот, сакам да изразам голема благодарност до Романката со македонско потекло Катерина Сфиеа Димчевичи, која многу ми помогна со информации за Бундалевци и која ме поврза со роднините во Романија. Голема благодарност до Трена Јорданоска за редакцијата, компјутерската обработка и советите кои ми ги даде. Сакам да изразам голема благодарност и кон чичко ми Димитрије Бужаровски, за советите, редакцијата, како и за информациите кои ми ги даде за Бундалевци.

Дамјан Бужаровски
18 август 2020 година

БУНДАЛЕВЦИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ


Најдалечниот предок од ова семејство за кој успеав да најдам податок и по кого најверојатно семејството го зело презимето е Бундале (Лоноски-Огњановиќ 2004: 97). Тој е роден во втората половина на XVII век.

Бундале имал син Ѓино, кој живеел во XVIII век. По некоја епидемија којашто го зафатила Галичник и во која му умрело целото семејство, Ѓино останал сам на 80-годишна возраст. Бидејќи бил многу богат иако во длабока старост се преженил со млада жена од мијачкото село Гари. Таа со себе донела син од првиот брак, по име Јован. Јован бил на 13-годишна возраст, а Ѓино го посинил. Покрај Јован, оваа жена на Ѓино му родила близнаци по име Аврам и Јаков и една ќерка по име Ѓурѓа (ibid).[1] Ние, односно нашиот сој од Бундалевци потекнува од Јован, посвоениот од Ѓино. Името на мајката на Јован, односно втората жена на Ѓино, не се знае поради временската оддалеченост, но и поради тоа што во тоа време имињата на жените се запишувале многу ретко.

Јаков, едниот син на Ѓино бил посвоен во Ажиевци. Каде ја омажиле ќерката Ѓурѓа исто така не најдов податоци, а вториот син Аврам Бундалески имал четири сина: Стефо, Нико, Мико и Мелко. Стефо ги имал синовите Иљо и Анте. Нико имал два сина Гале и Петре. Мико имал син Аврам и ќерка Мара, омажена во Дренковци, а Мелко немал деца (слика 1). Сите овие гранки ќе ги оставам и ќе продолжам да ја разгледувам само линијата на мојот предок Јован Бундалески.

Инаку во Галичник секоја куќа си имала своја слава. Така и Бундалевци имале куќна слава, односно го славеле *Аранг̃ел* (локалниот изговор за Архангел) (Трифуноски 1998: 262). Гостите честитале со зборовите: *Да ви е среќен п̄разникоѿ Аранг̃ел и за многу г̄одини*. Домаќинката за овој ден месела леб од поквалитетно брашно, кој се нашарувал со проскурски печат и утредента се изнесувал на трпезата. Покрај тоа, се подготвувала и една чинија варена или неварена пченица и вино во три чаши, кои од утрото седеле пред иконата во куќата каде што горело кандило. Кога ќе дошол попот пред иконата, се палела и свеќа, а тој ја пеел молитвата, па го земал лебот и го сечел на четири делови во облик на крст. Потоа го полевал со виното, па со пченицата и со тоа овој обред е завршен (Лоноски-Огњановиќ 2004: 54–55). Кога почнала да се слави оваа слава не можев да утврдам, единствено може да се претпостави дека со оглед на тоа што таа била наследувана од колено на колено имала подолга традиција (слика 2).

[1] Податоците што ги дава Лоноски треба да се земат со резерва, бидејќи во времето кога живеел Ѓино, малку луѓе дочекувале толку длабока старост, а уште помалку е веројатно на 80 години да му се раѓале деца.



Слика 1. Шематски приказ на потомците на Аврам Бундалески



Слика 2. Проскурскиот печат на прабаба ми Тодорка Николова род. Бундалевска. Фотографирано во Скопје во 2020 година, автор Дамјан Бужаровски


ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА

Јован Бундалески (≈XVIII век – ≈XIX век)

Јован Бундалески е роден во втората половина на XVIII век во мијачкото село Гари. Како што видовме погоре, кога имал 13 години, мајка му се премажила со Ѓино Бундале, кој го посинил. Се обидов да најдам од кое гарско семејство потекнувал Јован, но не успеав.

Името на Јован го среќаваме во Црковен помник за изградбата на црквата Света Петка (слика 3). Оваа црква која Галичаните ја нарекуваат *Стара црков* е изградена во 1809 година (Државен архив на РСМ; Граоркоски 2009: 12). На првата страна од помникот каде што се споменува Јован пишува:

> Овој споменик е црковен, го приложи Јован Бундале За душевно спасение и телесно здравје, да му е напомош Света Петка. Амин. Да се зноет кога се правела црквата во време на Забит Јосубег. Приложникот-дарителот поп Трајан собра народ христијански и со божја помош да им је жива стока, луѓе, господ да им ги множит повеќе. Амин.
> Во летото 1809 г. по Христос. (Граоркоски 2009: 18)




Слика 3. Страницата од помникот кадешто се споменува Јован. Од книгата *Света Петка заштитничка на Галичник* (Граоркоски 2009: 25)

Понатаму се дадени првите ктитори на црквата.

Јован се женел два пати. Првиот брак му бил со Дрозда Куцулоска и со неа ги имал синовите Ристе и Симеон, мојот предок, и ќерките Трендафила, омажена во Воперовци, Доста омажена во Колачевци и Бојка омажена во Жантевци. На четвртата не успеав да ѝ го најдам името, а била омажена во селото Лазарополе во семејството Јосковци. Вториот брак на Јован му бил со Султана Цубалеска и со неа го имал синот Динго (Лоноски-Огњановиќ 2004: 97).

Ристе, првиот син на Јован се женел исто така два пати. Првиот брак му бил со девојка од Тресонче и во бракот имале една ќерка. Вториот брак на Ристе му бил со Доста Бошкоска со која ги имал синовите Павле, Ѓорѓе, Василко, Иван и Јосе (не се оженил), и ќерките Мара, омажена за Трајан Чапароски, Злата омажена во Лазарополе, па се развела и се омажила во Ударевци и Цвета омажена во Ондовци. Павле се оженил со Милјана Брезоска, со која ја имал ќерката Ката. Ѓорѓе ги имал синовите Алекса и Гапе и ќерката Галена, омажена за Јован Бошкоски. Василко се



Слика 4. Шематски приказ на помтомците од синовите на Јован

оженил со Магда, ќерка на познатиот *ќеаа* (на локалниот дијалект така биле нарекувани сопствениците на повеќе од 1000 овци), Томо Томоски, со која ги имал синовите Страте, Ѓино, Кипро, Стрезо, Огнен и Аритон, и ќерките Олга, омажена во Тортевци и Злата омажена во Воперовци. Иван се оженил со Кумрија, ќерка на Ристе Николоски и со неа ги имал синовите Ристе, Исо, Јосе и Доксим, и ќерката Докија, омажена за Ефре Караѓозоски (Лоноски-Огњановиќ 2004: 97–98) (слика 4).

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА

Симеон (Симон) Бундалески – постариот (живеел во XIX век)

За тоа кога е роден Симеон, другиот син на Јован нема точни податоци. Според тоа кога е роден внук му Спиро, би требало да е роден кон крајот на XVIII век или почетокот на XIX век. Го нарекоа во насловот постариот, бидејќи неговиот правнук е крстен по него.

Симеон бил оженет со Сирма од семејството Ќипровци (Лоноски-Огњановиќ 2004: 98; Бужаровска: 40). Во бракот тие ги имале синовите: Секула (Секо) (мојот предок) и Стојче; и ќерката Софија (Софка), која била омажена во Чаловци. Стојче имал две ќерки, едната се викала Тофа и била омажена во Жантевци, а другата Морфа омажена во Иљовци (слика 5).

Симеон и Сирма биле богати. Симеон бил ќеаа. Имал околу 5000 овци и ергеле коњи. Подоцна отворил и фабрика за лупење на ориз, во некое место близу Солун (Станеску 2019).



Слика 5. Шематски приказ на потомците на Симеон

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА

Секула (Секо) Бундалески (живеел во XIX век)

Секула живеел во XIX век, но точните години на раѓање и на умирање не беше можно да се најдат. Тој ја продолжил работата на татка си во Солун, односно раководел со фабриката за лупење ориз.


Во книгата на Риста Огњановиќ-Лоноски наоѓаме податок дека Секула имал жена од семејството Пендаровци (Лоноски-Огњановиќ 2004: 98). Но се јавува еден проблем, бидејќи според податоците што ги кажува баба ми Вера, Секула бил оженет со Марија Тортеска (Бужаровска: 40). Ова го тврди и една подалечна роднина (Бундалевска 2018). Јас мислам дека тврдењето на баба ми и роднината за името на жена му на Секула е точно и поради еден друг факт. Во Галичник имале обичај децата да ги крстуваат по бабите и дедовците, а внуката на Секула, односно најстарата ќерка на неговиот син Спиро, е крстена Марија. Но, дилемата за тоа од кое семејство била жената на Секула ќе остане и натаму. Во фамилијарното стебло за семејството Пендаровци не најдов Марија омажена во Бундалевци, а и воопшто не најдов некоја жена омажена во Бундалевци. Прашував и во Тортевци, но и таму ми рекоа дека не знаат за роднинска поврзаност со Бундалевци (Тортевски 2019). Можно е овој податок да бил избришан од семејната меморија бидејќи говориме за период од пред 150-160 години, во кои жените не се запишувале во фамилијарните стебла (слика 6).

Секула и Марија во бракот имале три сина: прапрадедо ми Спиро, кој бил најстар од синовите, па Филип (Филко) и Јаким (Аќим); и ќерките Анѓа, Грозда, Сирма и Елена. Елена била најмалата (слика 7). Дел од ќерките на Секула подоцна се имаат преселено во Бугарија, а Филип и Јаќим ќе се преселат во Романија; односно, прво на печалба во Романија ќе замине Спиро, па потоа ќе ги земе и браќата. Во Романија им го менуваат презимето во Бундалеску.



Слика 6. Марија Бундалеска, жената на Секо. Автор и година кога е направена фотографијата непознати. Од семејната архива на Спиро и Марија Бундалевски

Филип (Филко) е роден 1880 година во Галичник, а починал во Букурешт во 1968 година. Во Романија се оженил со Николина, Бугарка од градот Русе. Со неа имал шест деца и тоа Стелиан (подоцна се преселил во Америка), Вера, Надежда, Владимир, Мирче и најмалата Аугсина (слика 7 и 8). Поради компликации по породувањето



Слика 7. Шематски приказ на потомците на Секула

со Аугсина, Николина ќе умре, а по само четири месеци ќе умре и Аугсина (Станеску 2019; Димчевичи 2019c). Стелиан бил оженет со Вета и имале две деца, Александру и Теодора. Вера Бундалеску не се омажила, била многу побожна жена и три пати одела во Ерусалим да се поклони на светиот гроб (слика 10). Надежда била омажена со Танас Теофилович и во бракот имале две деца, Паула и Вељан. Таа живеела околу 100 години (слика 9). Додека ја пишував монографијава почина Паула на 86 години. Владимир завршил земјоделски факултет и работел во Министерството за земјоделство на Романија (Regatul Romaniei monitorul official 1944: 20). За тоа дали се оженил и дали имал деца нема податоци. Филип по смртта на Николина се преженил



Слика 8. Семејството на Филип Бундалеску. Фотографирано во Романија во 1918 година, автор М. К. Дудински (M. K. Dudinsky). Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 9. Надежда Теофиловичи, ќерка на Филип Бундалеску. Фотографирана во Букурешт во 1939 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

со Тофа, од семејството Брезовци (на романски Бреза), но во бракот немале деца.

Јаќим (Аќим) исто така се оженил во Романија. Имал четири деца и тоа две ќерки по име Аникта и Маргарета и два сина од кои едниот се викал Ѓорѓе (Димчевичи 2019а). Ѓорѓе работел како инспектор во Министерството за индустрија и комерција (Regatul Romaniei monitorul official 1947: 14B). За другите деца на Јаќим не најдов ништо повеќе. Голем проблем е тоа што поголемиот дел од семејството Бундалеску се има отселено во Америка и не може да се најде контакт.



Слика 10. Вера Бундалеску, ќерка на Филип Бундалеску. Фотографирана во Букурешт во 1971 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски


ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА

Спиро Бундалевски (1862–1938)

Прапрадедо ми Спиро Бундалевски, според документ за оставинска постапка (Општински суд Битола), е роден на 14 ноември 1862 година во Галичник. Како и сите деца што оделе на печалба со татковците, така и татко му го зел Спиро на печалба во Солун. Тоа би требало да биде кога Спиро имал 12 години, бидејќи тогаш тргале децата за прв пат на печалба. Инаку децата што првпат заминувале на печалба биле нарекувани „солунчиња“. Татко му наместо да го стави во нивната фабрика, го дал да му биде слуга на некој владика и да му ја носи патерицата. Најверојатно имал за цел да го прави црковно лице. Кај владиката Спиро седел три години, истовремено учел училиште, а го научил и грчкиот јазик (Станеску 2019). Потоа што работел и дали продолжил со школувањето не беше можно да се најде.

Спиро се оженил со Салумија Хаџиевска (Ажиеска), исто така од Галичник. За Салумија и нејзиното семејство ќе говорам подоцна. Во бракот Спиро и Салумија имале повеќе деца. Прво дете им бил Симон, крстен на прадедо му, потоа според кажувањето на една роднина, можно е Салумија да родила близнаци, кои починале набргу по раѓањето (Бундалевска 2018), па се родила Марија, која ќе стане калуѓерка, па Ленче, Димитрија, Теодора (Тодорка), (мојата прабаба) и на крајот Александар (Цано) (слика 11 и 12).

Пределот каде што се наоѓа Галичник отсекогаш бил многу несигурен и постојано изложен на напади од арамии. Со слабеењето на Османлиската Империја во XIX век грабежите и убиствата во цела Западна Македонија, вклучувајќи го и Галичник многу се зачестиле и зголемиле. Галичник, како големо и богато село, бил постојана мета на напади. Се формирале арамиски дружини, составени главно од Албанци, кои понекогаш броеле до 150-200 лица кои вршеле разни грабежи, киднапирања и убиства врз жителите на Галичник и тој крај (Бужаровски: 98). Спиро се здружил со други луѓе и почнале да се борат против арамиите. Со време тој станал водач на оружена



Слика 11. Шематски приказ на потомците на Спиро и Салумија



Слика 12. Од лево на десно, во најгорниот ред Николина и Филип Бундалеску; среден ред: Салумија, Спиро и во раце го држи највероjатно Димитрија; долен ред: Симон, највероjатно Ленче и Марија Бундалевска. Фотографирано во Букурешт во првата деценија на XX век, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

група која го бранела месното население. Како таков, највероjатно има убиено некој од Албанците и стравувајќи од крвна одмазда бил приморан да се отсели од Македонија (Бундалевска 2018). Спиро ги испратил жена му Салумија, заедно со син му Симон, кој тогаш имал 3 години, во Битола, кај таткото на Салумија, кој тогаш бил избеган таму, додека пак, самиот тој избегал најпрвин во Белград, па од Белград во Букурешт.


Во Букурешт на печалба бил отиден Филип Бреза, исто така Галичанец, инаку им бил кум на Спиро и Салумија. Тој во Романија се имал снајдено многу добро, па му помогнал на Спиро во почетокот (Димчевичи 2019b). Спиро заминал од Галичник најдоцна околу 1892–1893 година.

Првин Спиро заедно со Филип Бреза отвориле хотел. Бидејќи државата решила на тоа место да гради министерство, им го одземала хотелот, но ги обештетила. Со парите кои ги зел Спиро купил овци и отворил млекарски дуќан. Како млекар Спиро е попишан во два годишника на фирми во Букурешт. Во годишникот од 1904 година тој е напишан како Спреа С. Бундалеску, кој има фирма за сирења на улица „Пиата Амзи“ бр. 26 (Aniarul Bucurescilor 1904: 250), а во вториот од 1906 година, го водат како млекар (Anuarul Bucureștilor 1906: 289), додека сè друго е исто (слика 13).

Откако му пораснал бизнисот, Спиро ги повлекол во Романија браќата од Галичник. Прво го зел Филип, па потоа и Јаќим. Така започнале да работат сите тројца заедно. Спиро одел по бачилата, Филип по муштериите собирал пари, а Јаќим седел во дуќанот. Меѓутоа откако се оженил Филип се појавила неслога помеѓу јатрвите и по некоја кавга браќата се поделиле. Во дуќанот останал Спиро, додека Јаќим и Филип отвориле заеднички дуќан, спроти дуќанот на Спиро. Подоцна и тие двајцата се скарале за нешто и отвориле посебни дуќани (Станеску 2019).

Треба да нагласам дека со време бизнисот на Спиро толку му пораснал, што имал дури 5-6 бачила со овци, а дома имале една слугинка. Според кажувањето на Романката со македонско потекло Катерина Сфиеа Димчевичи, семејствата Бундалеску, Бреза и Димчевичи биле трите најбогати македонски семејства во Романија (Димчевичи 2019a).

Кога Спиро го зел своето семејството во Романија не може да се каже со сигурност. Бидејќи син му Димитрија и ќерка му Ленче се родени во Букурешт помеѓу 1900 и 1905



250 INDUSTRIA ŞI COMERCIUL

Blănării.—Fourreurs

Alcalay D., Şelarĭ 4
Astmann H. Elias, Carol 62
Astmann Leon, Carol 70
Axalovicĭ M., Moşilor 274
Bufti C. Aron, c Victorieĭ 38
Călin Alexe, Lascăr-Catargi 10
Christescu I., c. Moşilor 63
Dinescu Niţă, Mihaĭ-Bravu 18
Einhorn Ab., Covacĭ 8
Florescu Ilie, Plevneĭ 45
Horovitz Alter S-sor, Covacĭ 6
Hrovicĭ B., c. Victorieĭ 62
Ionescu N., c. Victorieĭ 89
Ivanoff Anton, Dorobanţi 5
Kammerling Emil, Şepcarĭ 9
Kammerling M., Carol 72
Klapper Iacob, Carol 64
Petre Ion, c. Rahoveĭ 94
Pollak Iancu M., Covacĭ 5
Prager H, Lipscanĭ 15
Prager Heinrich, Carol 26
Prager Sigmund, c. Victorieĭ 9
Rădulescu Ştefan, Blănarĭ 4
Reiţs Herman, Sfinţilor 27
Reischer L., Carol 29
Stalovicĭ A. Mayer, Mihaĭ-Bravu 56
Stoicescu Gheorghe, Mihaĭ-Bravu 84
Suher Gherson, Carol 32
Vasilescu C., Blănarĭ 24
Weintraub N., Carol 114

Boiangiĭ — Teinturiers

Abramovicĭ I., Carol 120
Arsenie N., şos. M.-Bravu 23
Carol Iohan, Romană 82
Enciulescu Petrache, M.-Bravu 46
Falk P., Sf. Apostolĭ 40
Frank Otto, Grivicĭ 12
Iohan Carol, Călăraşi 22
Leibovicĭ B, Dudescĭ 41
Şchengaas H., Isvor 74
Schmidt G. L. Isvor 79

Bragagiĭ.—Cervoisiens

Abdi Soliman, Piaţa Amzeĭ 15
Abramoff Ivan, Şerban-Vodă 140
Bachtea Asept, Dorobanţi 21
Boscu Theodor, Mihaĭ-Bravu 12
Cassavetti Costa, cal. Moşilor 368
Dumitrescu Mihalache, Sf. Apostolĭ 41
Dumitrescu Ştefan Popa-Tatu 60
Hamit T., Mihaĭ-Bravu 142
Ivanciu N., cal. Moşilor 381
Milan D., Francmazonă 49
Mustafa Emşi, Sălcuţeĭ 32
Naum Andreĭ. Cuza-Vodă 63
Naum Elisaveta, 11 Iunie 20
Novac Gavril, Sf. Elefterie 22
Simon Petre, Apolodor 7
Simon Ştefan, Schitu-Măgureanu 27
Tănase Nicolae, Văcărescĭ 180
Theodor Boşcu, Ştef.-cel-Mare 199
Traian Vladimir, Teilor 68
Trifu Vladimir, Dudescĭ 37

Brânzeturĭ — Fromages

Andreescu G., B-dul Maria 4
Anghelescu Nae, B-dul Maria 3
Banu Christache, B-dul Maria 2
Boranghiu M. Ştefan, B-dul Maria 3
Breaza H. Filip, B-dul Maria 7
Bucurescu Vasile, Manu-Cavafa 10
Bundălescu S Spirea, Piaţa-Amzeĭ 26
Constantinescu Zamfir, B-dul Maria 5
Ilabreza Fraţii, Şepcarĭ 3
Ionescu Tudorache, B-dul Maria 1
Iordan Vasile, Mihaĭ-Bravu 1
Măcelaru Ion, c. Moşilor 88
Schott A. & Fiu, Ştefan-cel-Mare 212
Theodoroff Dumitru, Carol 88
Theodoroff Lazăr, Patrieĭ 12

Braşoveniĭ.—Marcands de Cronstad


Athanasiu Th., Carol 78
Drăghiceanu G. & Popescu, Bărăţieĭ 5
Dumitrescu Aristotel, Pănzarĭ 15
Georgescu Ion, Mihaĭ-Bravu 27
Ionescu Costică, Rahoveĭ 103
Irimiescu E., Mihaĭ-Bravu 68
Orghidan V. N., Pănzarĭ 2
Peteu I. G. & Comp., Pănzarĭ 16
Petrescu Dumitru, Moşilor 3
Pop & Bunescu, Bărăţieĭ 42-44
Stoenescu I Gheorghe, Bărăţieĭ 28-30
Stoianovitz Costică, c. Moşilor 16
Sulica M. & Orghidan G., Bărăţieĭ 11

Inst. de Arte Grafice „Carol Göbl“, Sr I. St. Rasidescu

Слика 13. Страницата од годишникот на фирми од 1904 година каде што е заведен Спиро Бундалевски (Aniarul Bucurescilor 1904: 250)

година, би требало да ги преселил пред 1900 година. Пред да си го повлече семејството, Спиро на два пати одел во Битола, но баба Салумија се разболела од тифус, па не можел да ја земе со него и семејството го зел дури по третото одење во Битола (Бундалевска 2018).

За време на Првата светска војна, кога во 1916 година поголемиот дел од Романија, вклучувајќи го и Букурешт ќе биде окупиран од силите на Оската, Спиро, бидејќи бил со Србите и српската пропаганда, бил принуден да бега заедно со српските



ДЗГР-Скопје, Одделение за премер и катастар-Битола, врз основа на член 171 од ЗОУП, а по барање на Бундалевски Спиро од Битола,ул. "Новосадска"бр.44, го издава следното

У В Е Р Е Н И Е

Според службената катастарска евиденција за земјиштето за КО ЦРНЕЕЦ,

- КП 566 кука-142м² и двор-500м², м.в."Село",
- КП 1266 кука-182м², двор-500м² и нива-2кл. од 3820м², "Село",
- КП 43 нива-7кл. од 6946м², м.в."Мраморица"",
- КП 113 нива-8кл. од 36377м², м.в."Бели камен",
- КП 164 нива-8кл. од 10452м², м.в."Бели камен",
- КП 221 нива-8кл. од 3296м², м.в."Мраморица",
- КП 226 нива-6кл. од 2553м², м.в."Мраморица",
- КП 268 нива-6кл. од 2774м², м.в."Мраморица",
- КП 269 нива-5кл. од 2412м², м.в."Мраморица",
- КП 272/2 нива-5кл. од 3248м² и нива-6кл. од 3265м²,
- КП 310 нива-6кл. од 1930м², м.в."Бели камен"
- КП 343 нива-8кл. од 4666м², м.в."Бели камен",
- КП 360 нива-6кл. од 10591м², м.в."Бели камен",
- КП 446 лозје-4кл. од 885 м², м.в."Чардак",
- КП 480 лозје-5кл. од 925м², м.в."Чардак",
- КП 485 лозје-4кл. од 6396м², м.в."Чардак",
- КП 486 лозје-4кл. од 2414м², м.в."Чардак",
- КП 637 нива-6кл. од 5230м², м.в."Мраморица",
- КП 640 нива-6кл. од 4345м², м.в."Мраморица",
- КП 765/2 нива-7кл. од 5826м², м.в."Длабок дол"(дел 776/3)
- КП 795 нива-8кл. од 3364м², м.в."Длабок дол",
- КП 884 нива-8кл. од 11706м², м.в."Самарница",
- КП 893 нива-8кл. од 12269м², м.в."Самарница",
- КП 902 нива-8кл. од 3767м², м.в."Самарница",
- КП 903 нива-8кл. од 4689м², м.в."Самарница",
- КП 964 ливада-3кл. од 14154м², м.в."Орници",
- КП 1001 нива-6кл. од 6367м², м.в."Самарница",
- КП 1017 нива-8кл. од 5859м², м.в."Самарница",
- КП 1047 нива-8кл. од 15559м², м.в."Самарница",
- КП 1311 нива-3кл. од 7421м², м.в."Орници",
- КП 1317 нива-2кл. од 8510м², м.в."Орници",
- КП 1530 нива-2кл. од 10097м², м.в."Оцаица",
- КП 1569 нива-3кл. од 5079м², м.в."Лака",
- КП 1606 нива-4кл. од 8201м², м.в."Лака",
- КП 1607 нива-4кл. од 12894м², м.в."Лака",
- КП 1636 нива-4кл. од 1426м², м.в."Гумниште",
- КП 1734 нива-2кл. од 3132м², м.в."Лака",
- КП 1864 нива-3кл. од 5126м², м.в."Орници",
- КП 1930 нива-8кл. од 4165м², м.в."Песјак", се заведени во ПЛ-23 на име БУНДАЛЕВСКИ СЕКУЛОВ СПИРО.

Слика 14. Документ каде што се гледаат сите ниви кои ги поседувал Спиро. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

дипломати во Одеса, а на баба Салумија ѝ купил жито, за да може да го прехранува семејството. Во Одеса тој бил поставен за лиферант на српската војска. (Лиферант е оној кој врши набавка, достава и испорака на стоки). Потоа како и зошто заминува за Киев не е познато, а потоа од Киев се вратил во Букурешт (Бундалевска 2018).

Уште пред да започне Првата светска војна, Спиро имал намера да се врати во Македонија. Тоа го гледаме затоа што на неговиот подалечен роднина Гале Бундалевски (слика 15), кој живеел во Битола, му пратил пари околу 1912 година за да му купи имот во селото Црнеец (Црновец) (Трифуновски 1998: 262). Гале му купил на Спиро многу голем чифлиг од некој бег кој во тоа време, поради Балканските војни, бегал од Македонија. Според кажувањето на роднините, зафаќал половина од селскиот атар (Кузмановска 2017; Кузмановски 2017). Големината на чифлигот и неговата површина ја гледаме во документот за национализација (месна аргарна комисија), во кој се наброени голем број ниви со вкупна површина од 263.136 м^2 и две куќи, едната со површина од 182 м^2, а другата со површина од 142 м^2 (слика 14).

По завршувањето на Првата светска војна, Спиро го продал сиот имот што го имал во Романија, па заедно со семејството се вратил во Македонија и се населил на чифлигот во селото Црнеец. Интересен е патот на нивното враќање во Македонија, бидејќи не патувале по копнен пат. Тие од Букурешт првин заминале за Констанца, приморски град во Романија. Од Констанца со брод пристигнале во Солун, од Солун со воз до Битола и од таму се упатиле кон Црнеец (според искажувањата на Симон Бундалевски во документарниот филм *Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* 1979).

По доселувањето во Македонија, Спиро веќе бил на околу 60-годишна возраст. Живеел мирен живот, имал платени аргати кои му ги работеле нивите итн. Со здравјето не бил најдобар. Страдал од висок крвен притисок, како и поголемиот дел од семејството на баба ми по оваа линија. Повеќепати имал удари од притисокот. На Митровден во 1938 година, целото семејство му било отидено во Битола, а тој останал во Црнеец. Бидејќи било празник во селото во секоја куќа имало ручеци и вечери, а тој одел од куќа до куќа и се гоштевал без воопшто да пази. Така одејќи низ селото, доживеал мозочен удар и го нашле паднат без свест. Го однеле во Битола, но повеќе не се освестил и на 14 ноември починал.

Чифлигот на Спиро, подоцна, во 1946 година, за времето на ФНРЈ, бил национализиран. Им била одземена и сета стока, а на баба Салумија ѝ била оставена само куќата. Во 2004 година со законот за денационализација, по барање на наследниците, а со залагање на сестрата на баба ми, Љубица, која ја извади комплетната документација и ја заврши целата постапка, семејството било обештетено.



Слика 15. Од лево на десно Спиро, Салумија и Гале Бундалевски. Фотографирано третата деценија на XX век, автор непознат. Гале е тој што го купил чифлигот на Спиро во Црнеец. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Салумија Бундалевска род. Хаџиевска (1871–1962)

Според документот за национализација на имотот на Спиро Бундалевски, баба Салумија е родена во 1871 година (месна аграрна комисија). Таа е родена во Галичник, во семејството Хаџиевски. Татко ѝ се викал Толе, а мајка ѝ најверојатно Палентија.

Баба Салумија живеела многу долго, преку 90 години. Била витална жена, интелигентна и строга на карактер (Кузмановска 2020а). Последните години живеела со нејзиниот најмал син Цано во Битола, каква што е и галичката традиција, бидејќи родителите кај Галичаните најчесто остануваат да живеат со најмалиот син.

На баба Салумија се сеќава еден наш далечен роднина – Гапе Ажиески, кој во моментот на разговорот имаше 86 години. Таа била отидена на неговата свадба во Галичник и на 81 година се искачила пешки дотаму. Еве што ми кажа Гапе за баба Салумија:

> На прапрабаба ти Салумија се сеќавам многу добро. Таа дојде на мојата свадба во Галичник во 1952 година. Се искачи пешки до Галичник, преку Јанче, со еден бардак вино и една ракија. Сите се чудевме како толку стара се искачи до Галичник. Баба ти Салумија беше многу интелигентна жена. Престојуваше во Кунческата куќа каде што мислам имаше сестра, бидејќи таму ја викаа тетко.[2] (Ажиески 2018)

За семејството од коешто потекнува баба Салумија ќе зборувам по делот за Бундалевци.

[2] Најверојатно се работи за Докија, сестрата на баба Салумија, за којашто не најдов никакви податоци.

СЕДМА ГЕНЕРАЦИЈА

Теодора (Тодорка) Николова род. Бундалевска (1908–1981)

Според оригиналната крштеница којашто ја поседувам, прабаба ми Тодорка е родена на 8 август 1908 година во Букурешт (слика 17).[3] Крстено име ѝ било Теодора, но подоцна освен роднините од Романија кои во писмата ја нарекуваат Теодора, сите останати ја викале Тодорка, а така ја пишува и во другите документи. Кум ѝ бил Филип Бреза, за кој зборував погоре.

Во Црнеец живеел и бил кмет на селото Стеван (Стево) Николов, инаку Влав од Гопеш. Со време помеѓу Тодорка и Стево ќе се појави голема љубов (Кузмановска 2020b). Родителите на Тодорка не ја одоборувале оваа љубов и не ѝ дозволувале да се омажи за него, бидејќи Тодорка била најмала помеѓу сестрите, а во тоа време ги мажеле ќерките по ред од најстарата и не смеело да се омажи помалата ќерка пред постарата. Поради ова, Стево решил да ја земе Тодорка бегалка и во 1929 година Тодорка побегнала од дома. Тајно се венчале и потоа ја однел во Гопеш, да ја скрие, бидејќи нејзините родители ја барале со полиција. Одреден период по ова родителите не комуницирале со Тодорка, но потоа се смириле. Љубовта помеѓу Стево и Тодорка траела целиот нивен живот, а колку била голема се гледа од нивните љубовни писма, пред да ја земе бегалка (слика 18). Чичко ми ми кажуваше дека кога Тодорка на стари години се парализирала и скоро цела година била врзана за кревет, дедо Стево постојано бил околу неа. Ми кажа дека не видел некој толку да се грижи, како дедо Стево што ја негувал и гледал баба Тодорка (Д. Бужаровски 2019). И ќерка ѝ Љубица ми кажа



Слика 16. Тодорка Николова во Галичка носија. Фотографирана во Битола во1945 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

[3] Во личната карта и изводот од матична книга на умрените се води дека е родена 1909 година во Битола, но бидејќи ја поседувам оригиналната крштеница, може овој податок да се отфрли за неточен. Во тоа време честа се грешките во годините на раѓање.



PAROCHIA BISERICEI
Trecuretii Noi
DIN
Comuna Bucuresci
Plasa de Sus
Judetul Ilfov

CERTIFICAT


Sub-semnatul preot, Paroch al bisericei parochiale Trecuretii-Noi din Comuna Bucuresci plasa de Sus judetul Ilfov adeveresc prin aceasta că am săvîrşit botezul pruncei Teodora născută-lui Spiru Bundalevski şi D-nei Salomia din această parochie, după ce s'a îndeplinit formalităţile cerute de legile ciuile cum se dovedesce cu actul de nascere No. 5507 din 3 August 908 şi a primit din botez numele de Teodora asistat ca naş D-nul Filip Embrezu din Comuna Bucuresci plasa de Sus judetul Ilfov

Drept care am eliberat acest certificat sub propria mea iscălitură şi întărit cu sigiliul parochiei, astă-zi în 31 luna August anul 1908

No. 76.

Paroch, Pr. Ec. I. Telov

Слика 17. Крштеницата од 1908 година на Тодорка Николова. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



10/IV 1929 г.
Ургеjеч

Г-Г- Стеван.

Многу ви заблагуjен на шекери и на локумиње.
Стеван виje све благодарни на ручеко даш недеље неки ручак добар. Стеван jас још коjа сум дошла има неког 2 месеци бада знаjе шше како виje моje фриже и шанеш некако непожан да знаш али виje у заљубо бошибо непожише дасе сложише али ако сака бок све ке уредиш шарева којек да има мало шарбиче и сласшиње.
шпан многу за бошиење али непош врене чекам одзиу одговор.

Непошше да изjавише дане наjчеш шашкопи босиен непа живош заеке извикнише ако ве нешшо изненареван.

Слика 18. Едно од љубовните писма на Тодорка и Стево. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 19. Семејството на Стево и Тодорка Николови. Од лево на десно, во горниот ред: Лилјана, Пандора, Петар, Вера и Нада; долен ред: Цветанка, Тодорка, Стево и Љубица. Фотографирано во Битола во 1955 година, автор фото студио Филип. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

дека освен Тодорка друга жена дедо Стево не ни погледнувал (Кузмановска 2020b).

Во бракот дедо Стево и баба Тодорка имале седум деца и тоа баба ми Вера, која беше најстара, па Пандора, Петар (Перо), Нада, Лилјана (Јуле), Љубица (Љубе) и Цветанка (Цвете) (слика 19). Тука нема да навлегувам повеќе за потомството на децата на Стево и Тодорка, бидејќи тоа ќе биде дел од родословието за семејството Николови.

Дали баба Тодорка имала завршено некакво образование не знам, но со оглед на тоа што во тоа време жените не ги пуштале на училиште, најверојатно немала. На раст била средна и крупна, а на карактер трпелива, вредна и внимателна. Сакала сè да е средено и чисто (Кузмановска 2020b). Била голем верник, за сите празници постела, во кујната на едниот ѕид имала икони пред кои цело време горело кандило (В. Бужаровски 2020), а за поголемите празници секогаш викала поп за да пее во куќата, поради што дедо Стево се лутел и велел дека за џабе му ги троши парите (Д. Бужаровски 2020a).[4] Страдала од висок крвен притисок, како и татко ѝ Спиро и сестра ѝ Марија. Неколкупати имала мозочни удари, но потоа здравјето ѝ се подобрувало. Во 1981 година повторно имала удар, по кој починала на 4 октомври.

[4] Дедо Стево беше пантеист, веруваше дека Господ е природата, односно Господ е во сè. Не веруваше во црквата и поповите, бидејќи сметаше дека сè прават само од финансиски интерес. (Д. Бужаровски 2020b)

Симеон (Симон) Бундалевски–помладиот (1890/4–1989)

Младост и образование



Слика 20. Симон Бундалевски, година и автор непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Братот на мојата прабаба Тодорка Николова род. Бундалевска, Симон Бундалевски, е прво родено дете на Спиро и Салумија Бундалевски (слика 20). Роден е во Галичник кон крајот на XIX век. За тоа која година точно е роден постојат повеќе различни податоци. Според изводот од матичната книга на умрените, роден е на 15 март 1894 година. Според личната карта бил роден 1898 година (Бужаровска: 22). Сепак овие години не може да се точни, ако гледаме по тоа кога заминал татко му Спиро на печалба во Романија, но и од еден друг факт. Имено, баба ми Вера пишува дека татко ѝ на Салумија, Толе бегал од Галичник во Битола. Бидејќи и Спиро, таткото на Симон бил приморан да бега од Галичник, за што видовме погоре, тој ги испратил жена му Салумија и син му Симон, кој тогаш имал три години, кај Толе во Битола. За тоа дека Толе бил избеган од Галичник во Битола, гледаме во едно писмо испратено од Ѓорѓе Поповиќ, генералниот конзул на тогашното Кралство Србија во Скопје, до Сава Грујиќ, претседателот на Министерскиот совет и министер за надоворешни работи на Кралството Србија (Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1987: 614). Ова писмо е од 18 октомври 1889 година. Така што, судејќи според сето ова, дури и да не се побегнати веднаш по Толе, ако имаме предвид кога Симон се запишал на студии, тој треба да е роден најдоцна околу 1890 година.[5]

Како што кажав, на тригодишна возраст Симон заедно со мајка му се доселил во Битола. Таму започнал да учи во основното српско училиште. По завршувањето на четврто одделение, кога имал девет години, татко му дошол во Битола и ги зел со него во Букурешт, каде, како што видовме погоре, имал млекарски дуќан и бачила.

Симон во Букурешт го продолжил своето образование и завршил гимназија. Кога ја завршил гимназијата, неговите родители го испратиле да студира медицина, според неговите искажувања, во Хајделберг.[6]

---

[5] За годината на раѓање на Симон и на други членови од семејството Бундалевци постојат доста недоследности, за кои нема да може да се даде одговор. Доколку земеме дека Симон е роден во 1890 година испаѓа дека тој се запишал првпат на факултет на околу 22 години, а доколку земеме дека е роден во 1894 година, како што и пишува во умрениците, и како што кажува самиот (*Зѓасная стариће ѓрадски фенери* 1979) не се совпаѓа неговото заминување од Галичник, потоа заминувањето во Романија и раѓањето на неговите помали браќа и сестри.

[6] Симон во повеќе свои искажувања велел дека го испратиле да студира медицина во Хајделберг, Германија, за да тргне по стапките на неговиот вујко Исајло Хаџиевски, кој во тоа време според Симон бил познат

Но, Симон немал желба да студира медицина, па по само 2 месеци поминати во Хајделберг, откако ги истрошил парите кои му ги дале родителите, се вратил во Букурешт. Кога го виделе домашните многу се исплашиле и мислеле дека е болен, но тој им кажал дека нема желба да студира медицина. По извесно време, тој по втор пат бил испратен да студира. И овој пат по желба на родителите, но сега во Брашов го запишале на трговска академија, бидејќи татко му имал разработен бизнис и му требал човек со таа струка да ги води работите. Тогаш Брашов бил дел од Австро-Унгарија. На Симон унгарскиот јазик му се видел многу тежок, а и немал желба да студира трговија, па се повторил истиот случај и тој се откажал од студиите (искажување во *Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* 1979).



Слика 21. Од лево на десно Симон, Салумија и Спиро Бундалевски. Фотографирано 1890-тите, автор и место непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Во меѓувреме Симон со уште двајца другари од Романија, Никола Бреза и Владимир, инаку исто така со потекло од Галичник, се договориле да одат во Русија да учат електротехника. На оваа желба на Симон, родителите најпрвин се противеле, но по разговор на татко му со тогашниот српски конзул Михајло Ристиќ, кој му бил многу добар пријател, тој го советувал да го пушти. Спиро се сложил и му дозволил да оди да студира електротехника (Добрушевски 1975: 1; Цолев-Димовски 1967: 527).

Во 1914 година, непосредно пред почетокот на Првата светска војна, Симон заедно со своите двајца другари заминал во Русија. Пристигнале во Одеса, и таму останале 2-3 дена кај некои Македонци и потоа заминале за Киев. Таму Симон се запишал на Киевскиот политехнички институт и започнал да го учи тоа што го сакал (искажување во *Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* 1979). Сепак студиите не ги завршил бидејќи најпрвин избувнала Првата светска војна, па Февруарската буржоаско-демократска револуција и на крајот Октомвриската социјалистичка револуција

хирург. Но во ова негово тврдење има некои недоследности. Исајло Хаџиевски има починато во 1909 година, а Симон треба да заминал да студира медицина околу 1912/1913 година. Исто така не е јасно зошто го испратиле да студира медицина токму во Хајделберг, доколку неговиот вујко не бил таму, а прашање е дали и колку Симон го познавал германскиот јазик. Во неговото снимено искажување (*Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* 1979) за тоа кои јазици ги говорел, не кажува дека знаел германски, но го пропушта и романскиот кој го говорел, па можно е да испуштил дека зборувал и германски.




Слика 22. Симон Бундалевски во 1916 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

(Добрушевски 1975: 1). Двајцата другари на Симон набргу се вратиле во Романија, а тој останал во Киев да студира до 1916 година.

Со избувнувањето на војната Симон се нашол во многу тешка положба. Татко му не можел да му испрати пари, па бил приморан да се снаоѓа и да работи за да преживее. Држел часови по математика и работел како електричар, а се прехранувал во Киевско-печерските лаври, каде одел како гостин на 3-4 дена (искажување во *Зѓасnаа сшарише ѓрадски фенери* 1979).

Учесник во Првата светска војна и Октомвриската револуција

На почетокот на 1916 година, помеѓу претставниците на јужнословенските народи кои биле во Русија, започнала акција на запишување доброволци за српската војска. Симон се пријавил како доброволец и бил испратен во Одеса. Таму до мај се собрале околу 17.000 доброволци. Од сите нив била формирана Првата дивизија, која била составена од



Слика 23. Симон на помлади години, место, година и автор непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

4 полка. Симон бил ставен во II чета, III баталјон, IV пешадиски полк, како обичен војник, пешадинец. Набргу потоа, формираната доброволна дивизија била префрлена на фронтот кај Добруџа. Симон учествувал во борбите кои ги водела дивизијата кај селата Бјул-Бјул Мик, Бјул-Бјул Маре, Копадин и Меџидије. По овие борби доброволците биле приморани да се повлечат преку Болград во Вознесенск (Цолев-Димовски 1967: 527).

Кога Симон сè уште бил во Букурешт, спроти дуќанот на неговите родители имало банка по име *Банка национал Романа* и во банката имале автомобил и шофер. Симон бил другар со синот на шоферот, па се научил да вози автомобил и возел низ Букурешт. Во Вознесенск Штабот на дивизијата имал потреба од шофери, па затоа побарал меѓу доброволците кој знае да вози да се пријави. Симон се пријавил и веднаш бил прекомандуван како шофер на Штабот на првата дивизија, односно на командантот на Првата дивизија, полковникот Хаџиќ (Цолев-Димовски 1967: 528). Дека е ова така, видов и од една фотографија, сочувана кај Спиро и Марија Бундалевски, на која беше командантот, а на задната страна со посвета пишуваше *На свом верном шоферу*, но не ми беше дозволено да ја скенирам.

Најверојатно незадоволен од состојбата во дивизијата и на фронтот, побарал отсуство од 15 дена и заминал за Киев. Документот кој го добил за отсуството Симон го чувал, но јас за жал не успеав да го најдам дома кај нас, ниту кај роднините. Овде ќе го цитирам според статијата на Ѓорѓи Димовски-Цолев со наслов „Битолчанец во октомвриските настани“ во списанието *Развиток*.

УВОЛЬНИТЕЛЬНЫЙ БИЛЕТЪ

Продъявитель сего шоффeръ Штаба I-й дивизіи Добровольческаго Корпуса Сербовъ, Хорватовъ и Словинцевъ Семенъ БУНДАЛЕВИЧЪ уволенъ мною въ отпускъ въ гор. Кіевъ, срокомъ на пятнадцать дней, считая таковой съ 7-го Іюня по 22 Іюня. По истеченіи сего срока Бундалевичъ долженъ прибыть обратно въ свою часть, что подписью и приложеніемъ казенной печати удостовѣряется.

6-го Іюня 1917 года.
Гор. Вознесенскъ

Начальникъ Артилеріи,
Полковникъ,
(с. р.) Лазаревичъ

(тркалезен печат)

I. Дивизија Добровољачког корпуса Срба, Хрвата и Словенаца.

(Во внатрешната страна под српскохрватскиот текст стои на руски):
I- Дивизия Добровольческаго Корпуса Сербовъ Хорватовъ и Словенцевъ
(во центарот на печатот е грбот на Србија) (Цолев-Димовски 1967: 529)

Од Киев Симон не се вратил во Вознесенск, туку се вработил во Киевскиот металуршки завод како електричар.

Киевскиот металуршки завод бил еден од центрите на работничкото движење каде работниците биле организирани во работнички совети и се подготвувале за вооружени судири за преземање на власта. Според неговите искажувања, тој не сакал да остане настрана и зел активно учество во сите активности на Извршниот одбор на Работничкиот совет при Заводот. Учествувал во демонстрации, штрајкови, пренесување и складирање на оружје и друго (Цолев-Димовски 1967: 530).

На општиот проглас на болшевиците за вооружена борба, работниците и војниците, меѓу кои се наоѓал и Симон, на 25 октомври 1917 година истапиле со барање да се предаде власта на Советите. Започнала Октомвриската револуција. Според искажувањата на Симон, тој во овие судири учествувал во четата на Мохортов во борбите на улицата „Константиновска", која излегувала на кејот покрај реката Дњепар (Цолев-Димовски 1967: 530–531).

Кога во Киев навлегле германските и австроунгарските војски, Симон во прво време се криел кај некои печалбари од Македонија. Потоа преку Кишињев, стигнал во Јаш. Од Јаш се префрлил во Браила и на крајот во Букурешт, кај своите (Цолев-Димовски 1967: 531; Добрушески 1975: 2).

Во 1919 година Симон, заедно со своето семејство, се отселува од Романија и се враќа во Македонија. Како што кажав, татко му имал купено чифлиг во селото Црнеец (Црновец), Битолско каде што се преселиле. Симон останал во Црнеец до 1922 година. Тогаш, иако неговото семејство останало во селото, тој се преселил во Битола.

Изградбата на првата Термоцентрала во Битола

Според кажувањата на Симон, желбата за да ја осветли Битола му се јавила уште кога се запишал на политехничкиот факултет во Киев и вели: „Јас уште во време на студиите на Киевскиот политехнички институт учев со таа идеја, да кога ќе се ослободи, се сврши војната, да дојдам во своето родно место и да подигнам електрична централа, да го осветлам градот (*Згаснаа стариште градски фенери* 1979).

По неговото враќање во Македонија, околу 1920 година, тој престојувал во Битола, кај неговиот вујко Димитрија Хаџиевски кој бил познат изведувач на градежни работи и претседател на комунистичката партиска огранизација во градот. Во разговорите кои ги имал со вујко му тие ја разгледале можноста за изградба на електроцентрала во Битола (искажување во *Згаснаа стариште градски фенери* 1979; Добрушески 1975: 3).

Хаџиевски го запознал со Михајло Ракиџиев, кој имал пари за да го финансира проектот на Симон. Ракиџиев бил истакнат член на ВМРО и татко на идната сопруга на Симон, Ратка.

Ракиџиев бил воодушевен од идејата на Симон за да ја осветлат Битола и прифатил да го финансира. На крајот од состанокот рекол: *Ако не успеавме да ја ослободиме и обединиме Македонија, тогаш мислам дека имаме сили да ја осветлиме Битола* (Добрушески 1975: 3; Петковски 2000: 9). По многуте напори и пречки со кои се соочиле поради корумпираноста на тогашните службеници, Симон ја добил конце-

сијата за изградба на термоцентрала. Бидејќи сите следни настани Симон детално ги опишува во документарниот филм *Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* снимен во 1979 година, овде не би се задржувал повеќе околу нив. Откога биле решени проблемите со финансирањето и опремата било решено да се купи една зграда за оваа намена. Оваа зграда постои до денес и сега е трикотажа „Пелистер“. Монтирањето на опремата одело брзо, а целата изградба и пренамена била завршена на 23 декември 1924 година (слики 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31). На 24 декември, околу 17 часот, Симон од својата канцеларија на Широк сокак му наредил телефонски на машинистот да ги активира машините и на Широк сокак за првпат светнале електричните светилки. Еве како Симон го опишува пуштањето на електричната енергија во Битола:

> Тој ден, зимен ден, кратак беше денот, но јас им наредив на машинистите да уопште не пуштаат струја дури не се затемнит убаво. Јер претходно два дена, огласив во градот со барабанчето, кога немаше друго со барабанчето се огласуваше, да на 24 децембар ќе се пуштит електричната струја. И народот, младината и старци, сите се собраа околу Саат кула, околу Широк сокак, главната улица на Битола, да видат електричното осветлење. Кога се стемна убао, тога наредив од канцеларијата, на машинистот Франц да пуштат. И кога пушти, кога се осветлија улиците, булеварот, главната улица... сегде и на саатот имаше големи лампи клаено, сѐ како ден светна, народот веселије стана, играат, се веселат, од радост не знаеа што да прават. И така Битола се осветли 24 децембар 24 година. (*Зѓаснаа сшариште ѓрадски фенери* 1979)



Слика 24. Од лево на десно некој претприемач, Симон Бундалевски, инженер Зариќ, Ратка Бундалевска род. Ракиџиева и инженер Мезенбахер. Фотографирано пред зградата на идната Централа во април или мај 1924 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски






Слики 25 и 26. Монтирање на бандерите низ Битола. На втората слика долу лево со бел лист во рака е Симон Бундалевски. Фотографирано во Битола во 1924 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски






Слика 27 и 28. На првата слика зградата на Термоцентралата. На втората слика од лево на десно се некој работник, па Ратка Бундалевска род. Ракиџиева, Симон Бундалевски и Цветанка Ракиџиева. Десно се гледа канцеларијата на Централата на Широк сокак. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 29. Петти, шести и седми од лево на десно Симон, Аруести и инжинер Мезенбахер, со екипата што ја монтирала опремата. Фотографирано пред зградата на Термоцентралата во 1924 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 30. Прв од десно е Симон Бундалевски, пред зградата на Термоцентралата. Автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 31. Печатот на централата и потписот на Симон Бундалевски. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Самото градење на термоцентралата и поставувањето на инсталациите одело со доста големи отпори од локалните *чорбаџии* во чаршијата, и Симон раскажувал дека кога се враќале навечер со фенерите од работа, тие им дофрлале: *леле ослепевме од ова електрикава* (Бужаровски 2020a). Симон во своето снимено искажување вели дека народот во почетокот се плашел од електричната струја и не сакал да ја воведе во своите домови.

> А кога почнавме првиот пат, нејќе никој да не примат и да му инсталираме. Ќе ојме ќе пазаревме некоја инсталација со некој и ќе ги пратевме монтерите дома, жените ќе ги истераа од дома: – Шо, ќе ми го донојсите тој ѓаволот дома, огон, да се степаат децата, да ми се запали куќата, нејќеме електрика. Гледавме многу голема мака дури да воведиме, да видат тие луѓе оти е корисно, оти е добра електричната струја. (*Зѓаснаа стариште ѓрадски фенери* 1979)

Отпорите продолжиле и за време на натамошното проширување на централата. Сигурно е дека во позадината биле судирите на економските интереси на помоќните економски групи во градот. Така Симон кажувал дека кога го граделе бетонскиот фундамент за вториот и третиот дизел-мотор, во времето на истурувањето на бетонот, општината сакала да го спречи проширувањето и пратила пожарна и жандари со наредба да се запре постапката. Запирањето би имало последици врз цврстината на подлогата, и Симон, кој поседувал револвер, излегол пред зградата и им рекол на полицајците дека ќе пука доколку се приближат. Имајќи предвид дека се работело за многу важна и влијателна личност, тие не се осмелиле да пристапат до објектот. Тој останал следните 24 часа да бдее додека бетонот не се исушил. Потоа со својот автомобил Рено отишол до Скопје и од таму со авион до Белград. Според него, во тоа време веќе постоела авионска врска меѓу Скопје и Белград (искажување во *Зѓаснаа стариште ѓрадски фенери* 1979; Д. Бужаровски 2020b).

Во Белград се упатил директно во Министерството за внатрешни работи. Но, таму воопшто не го пуштиле да влезе и тој се одлучил на еден многу ризичен чекор. Отишол до железничката станица каде имало такси возила, го избрал најлуксузното со ливреисан шофер и му платил да го доведе до предниот влез на Министерството кој бил само за официјални и церемонијални посети и пред кој стоеле униформи-





Слика 32 и 33. Симон Бундалевски. Автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

рани полицајци, и кога ќе се паркира да истрча, да му ја отвори вратата и да стои наклонето. Кога тоа се случило полицајците веднаш застанале мирно мислејќи дека се работи за некоја важна личност. Тој влегол во Министерството и според скалите кои воделе нагоре претпоставил каде би била канцеларијата на министерот.

Се разбира, пред неа имало канцеларија на неговиот секретар кој бил вчудоневиден од каде и како Симон успеал да дојде до канцеларијата. Настанала расправија и се појавил министерот кој се заинтересирал за Симон и го примил. Симон му кажал дека тие се просрпско семејство веќе со децении, дека се залагаат за српската кауза во Битола и воопшто модернизацијата и просперитетот на градот. За жал, имаат проблем со полициската управа која се спротивставува на овие негови напори. Министерот му кажал да се врати и дека сè ќе биде средено. Потоа Симон раскажува дека битолскиот полициски началник кога ќе го сретнел на улица, секогаш му префрлал дека заради него бил деградиран две класи подолу (Д. Бужаровски 2020b).

Симон бездруго бил за своето време многу напредна личност, посебно во Битола во која и за време на периодот меѓу двете светски војни сè уште доминира отоманското културно опкружување. Како што беше кажано погоре, меѓу првите купил автомобил во Битола во 1924 година. Автомобилот бил од производителот Рено, бил без покрив, а ако врнело се кревало платно (Кузмановски 2017).

Бракот со Ратка Ракиџиева

За положбата и социјалниот статус на Симон во Битола секако ќе придонесе и бракот со Ратка Ракиџиева, ќерка на Атина и Михајло Ракиџиеви. Ратка била родена во 1903 година. Кога ја свршиле со Симон, таа била во Солун и не знаела за свршувачката. Нивната свадба била на 23 јули 1923 година, а интересно е тоа што на пока-



Р. С.

У Недељу 29 Јула 1923 год. (по новом) у 10 сати пре подне у цркви "Св. Богородице"

венчаће се

наша кћи

РАДКА

са господином

Симеоном С. Бундалевићем

концесијонер.

наш син

СИМЕОН

са госпођицом

Радком М. Ракицијевићевом

Радоваћемо се ако и Ви са Вашом поштованом породицом присуствујете овом родитељском весељу.

Скуп сватова у 9 часова пре подне. — Ићи ће се колима
Честитања примамо у кући.

Јула 1923 год.
Битољ.

С поштовањем:
Атина и Михајло Ракицијезић
Бул. Престолон. Александра бр. 29

С поштовањем:
Салумија и Спиро Бундалевић
ул. Појешевска бр. 5

Штамп. „ПРОСВЕТА" Битољ

Слика 34. Поканата за свадба на Симон и Ратка. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 35. Симон и Ратка приближно во периодот кога се земале, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

ната е потенцирано дека ќе се оди со автомобили, што било реткост во тоа време (слика 34 и 35). Во бракот Симон и Ратка немале деца.

Ратка имала само една сестра Цветанка Ракициева (слика 36). Сестра ѝ никогаш не се омажила и починала релативно млада од туберколоза. Инаку Цветанка им била кума на баба ми Вера, нејзиниот брат и сестрите. Постојано била нарекувана нунката и го крстила чичко ми Димитрије Бужаровски како Димитар во црквата Св. Димитрија



Слика 36. Цветанка Ракиџиева, година и автор непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

во Битола. Во детството тој и бил така наречуван, дури се појавува и со тоа име во службени документи, сè до средината на 1960-тите кога во изводите од матично забележал дека е заведен како Димитрије, и оттогаш наваму се води како Димитрије.

Пиштолот на Гоце Делчев

Михајло, таткото на Ратка за време на Илинденското востание бил член на окружниот комитет на Битолскиот револуционерен округ, а од 1904 година бил реонски началник на Ѓавато со околината. Тој е значаен по тоа што во неговата куќа во 1901 година престојувал Гоце Делчев и кога си заминувал Гоце му го дал својот пиштол за спомен (слика 37). Овој пиштол потоа преминал во наследство кај Симон и Ратка (Кузмановска 2020а;



Слика 37. Куќата на Михајло Ракиџиев, во којашто престојувал Гоце Делчев, денес спомен куќа посветена на Гоце Делчев. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Бужаровска 2012). Пиштолот заедно со еден вез од мониста во разни бои, со претстава на еленче што пие вода, кој Михајло Ракиџиев го добил од затворениците на битолскиот затвор, каде и тој бил затворен од 1905 година, се предадени на спомен куќата посветен на Гоце Делчев во Битола. Овој музеј се наоѓа во некогашната куќа на Ракиџеви (НУ Завод и музеј Битола 2020). Последно што прочитав е дека поради негрижа и несоодветна заштита, пиштолот на Гоце Делчев, заедно со друго оружје, биле украдени од музејот во 2015 година (Babam Bitola 2020).

Баба ми Вера Бужаровска спомнуваше и една фотографија на која имало 13 членови на некој од комитетите за времето на Илинденското востание. Оваа фотографија ја криеле позади фотографијата на Цветанка. Фотографијата била направена пред зградата на училиштето „ Св. Кирил и Методиј“, во дворот на црквата Св. Богородица во Битола. Напред на фотографијата седеле седуммина, а останатите стоеле позади. Зад нив имало 2 знамиња, едното со потемна, а другото со посветла боја, и на двете пишувало *Да живее народот*, но на едното на македонски јазик со кирилица, а на другото на турски јазик со арапско писмо. На фотографијата, покрај другите, биле и Ракиџиев, Бојаџиев и Васил Свештарот. За оваа фотографија знаеше и сестрата на баба ми, Љубица. Ми рече дека по смртта на Симон и Ратка, баба ми ја барала фотографијата, но не ја нашла. Кој ја зел фотографијата, не се знае, но во спомен куќата на Гоце Делчев во Битола не е дадена (Кузмановска 2020b; Кузмановски 2020).

Според кажувањата на Димитрије Бужаровски, Симон му рекол дека ја предал и целата архива од термоцентралата и сметките за струја од корисниците во Битолскиот архив, што секако би бил многу интересен материјал за истражување во иднина (Д. Бужаровски 2020b). Таа се води под Електроиндустрија на Симон Бундалевски – Битола (1922–1942) кн. 3, врзоци, кут. 13; 2,40.

Периодот меѓу двете светски војни

До почетокот на Втората светска војна Симон и Ратка живееле во пространа куќа со базен, која се наоѓала покрај реката Драгор, кај *Горната гимназија* (денес гимназија „Јосип Броз Тито“) во Битола. Оваа куќа не била нивна и ја имале земено под кирија (Кузмановска 2020a). Во неа тие приредувале седенки и вечеринки за истакнатите семејства од градот, и баба ми Вера Бужаровска како дете била присутна на некои од нив.

Фотографијата од продавницата за лустери, сијалици, радио и друга електрична опрема од дуќанот покрај реката Драгор, сведочи дека покрај канцеларијата на Широк сокак во Битола, која била поврзана со дистрибуцијата на струја, Симон го поседувал и овој дуќан (слика 39).


Покрај термоцентралата и споменатиот дуќан, за време на Кралството Југославија, а и подоцна, за време на бугарската окупација, Симон имал машини за производство на сода-вода и газоза и држел дуќан за нивна продажба. Овој дуќан му го работел друг човек, а тој само го собирал прометот (слика 40).



Слика 38. Симон и Ратка Бундалевски. Фотографирано во Белград на 12.09.1923 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 39.Симон пред својот дуќан. Година непозната, автор В. Ошавковиќ (В. Ошавковић). Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 40. Машините за сода-вода и газоза. Година непозната, автор Милан Богдановиќ (Милан Богдановиђ). Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Бугарската окупација за време на Втората светска војна

Семејството на Михајло Ракиџиев било бугарофилско и во таа смисла, и неговата сопруга Атина, и ќерќите Ратка и Цветанка. Според кажувањето на Димитрије Бужаровски, Симон бил воодушевен од германската култура, најверојатно и заради нивото на технологијата во подрачјето на електричните апарати. При посетите во нивниот дом во 1960-тите, Димитрије бил фасциниран што Симон имал филозофска литература, и посебно се воодушевувал од Хегел и Ниче. Но Димитрије Бужаровски се сеќава дека и Ратка, и мајка ѝ Атина која живеела со нив, многу често употребувале бугарски зборови, различни од битолскиот дијалект, а него го нарекувале Митко-Сардитко. Атина била учителка за време на отоманскиот период, со образование во Солун, каде била и воспоставена врската и пријателството на семејството со Гоце Делчев. Димитрије се сеќава на Атина, која умрела во 1963 година (не може да се сети на точната старост, но некаде била околу 100 години), која до крајот на животот имала извонредна бистрина на умот, и секогаш била облечена во црна облека со вез и чипка. При среќавањето со неа Димитрије морал да ѝ бакне рака, а таа го распрашувала за тоа што прави и се сеќавала на претходната средба со него (средбите биле на неколку месеци) (Д. Бужаровски 2020b).

За време на бугарската окупација, во 1942 година термоцентралата била одземена од властите, без обештетување, а по ослободувањето станала општонародна сопственост и работела сè до 15 март 1952 година.[7] Откако централата престанала со работа, машините кои биле во неа биле продадени, а зградата била пренаменета. Симон за сето ова не добил никакво обештетување (Кузмановска 2018; Кузмановски 2018).

[7] Повеќе за изградбата на централата и сите пречки со кои се соочил Бундалевски види: Добрушевски 1975.



Слика 41. Свадбата на Бугарскиот началник на полицијата. Десно се гледа Цветанка Ракиџиева, па Симон и позади него Ратка. Фотографирано на Широк сокак, Битола, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Сепак и покрај одземањето на термоцентралата во 1942 година, семејството останало во многу блиски односи со бугарската власт. Ова оди дотаму што Симон и Ратка му биле кумови на бугарскиот началник на полицијата во Битола (Д. Бужаровски 2020а) (слика 41).

Ослободувањето на Битола и изградбата на Радио Битола

Во предвечерјето на ослободувањето на Битола, според кажувањето на Димитрије Бужаровски, неговиот дедо Стево, кој инаку бил многу вешт мајстор, му помогнал на Симон да го расклопат автомобилот Рено за да не им биде одземен. Моторот го скриле кај дедо Стево, а школката кај Цано, братот на Симон, но автомобилот никогаш повеќе не бил вратен во првобитната состојба. Ова го имам чуено и на една средба на баба ми со нејзиниот братучед Спиро Бундалевски, синот на Цано.

По ослободувањето на Битола, на 4 ноември 1944 година, Симон се нашол во незавидна ситуација, и заради неговиот имот и финансиска состојба, но и заради блискоста со Бугарите. Според кажувањето на сестрата на баба ми, тој бил предупреден од соседите дека го бараат од полицијата и веднаш избегал од Битола и се скрил (најверојатно во Црнеец) (Кузмановска 2020а). Според описот на овие настани во разговорот со неговиот внук Димитрије Бужаровски, Симон Бундалевски добил



Слика 42. Втор од лево е Симон Бундалевски, во техничките простории на Радио Битола. Фотографирано на 10.11.1944 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

абер од Лилјана Чаловска, да не се крие и дека нема да биде прогонуван, бидејќи е потребен за изградбата на Радио Битола. Ова може да се потврди и од фотографијата датирана од 10 ноември 1944 година, во која се гледа тој со група луѓе во техничките простории на Радио Битола (слика 42).



Слика 43. Симон Бундалевски напред во средина со бел капут. Автор и место непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Симон Бундалевски во врска со Радио Битола се споменува и во статијата на Википедија (2020) за Радио Битола како прво во техничките лица.

При една посета на Димитрије Бужаровски со еден негов другар електроинженер во 1979 година во домот на Симон Бундалевски, Симон раскажувал како морале да се снаоѓаат за деловите што им недостасувале и буквално да ги составуваат од различни остатоци од други електрични апарати (Д. Бужаровски 2020b).


Преку искажувањата на Димитрије Бужаровски дознаваме дека, кога тој го запрашал зошто не продолжил со државна служба, Симон одговорил дека сакал да биде самостоен и да не зависи од никого (Д. Бужаровски 2020b).

Од Симон Бундалевски постои уште една фотографија поврзана со микрофони и озвучување од некој собир на отворено, но за жал не може да се лоцира од кој период и каде е снимена. Според облеката и изгледот повеќе е веројатно дека е пред Втората светска војна (слика 43).

По Втората светска војна

Во следните две децении Симон продолжува да работи во работилницата за поправка на радиоапарати покрај реката Драгор (слика 44 и 45). Како што кажав, од претходната фотографија (слика 39) очигледно дека оваа работилница ја поседувал уште пред Втората светска војна.

Чичко ми Димитрије Бужаровски често го посетувал во оваа работилница, посебно заради тоа што го фасцинирале електричните мерни апарати со кој ги



Слика 44. Внатре во работилницата во периодот по Втората светска војна. Автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 45. Симон Бундалевски на постари години пред својата работилница, автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

испитувал дефектите на радиоапаратите. Тој ми раскажа и еден многу интересен детаљ кој го отсликува ликот на Симон Бундалевски. По земјотресот во 1963 година, Димитрије со својата мајка и братот Владо (мојот татко) се преселуваат привремено во Битола, кај Тодорка и Стево Николови. Од Скопје, дедо ми Славко Бужаровски го пренел и нивниот клавир, кој заради големината не можел да биде сместен во куќата во која живееле во Битола. Клавирот бил поставен во дуќанот/работилница на Стево Николов, кој се наоѓал во паралелната улица кон пазарот, непосредно до работилницата на Симон. Иако го нарекувале дуќан, тој повеќе служел како склад и работилница за поправка главно на рачни пумпи за вода (*шулумби* како што ги нарекувале во Битола), кои дедо Стево ги поставувал во Битола и околните села. На тој начин внатрешноста на дуќанот кој бил останат уште од отоманскиот период, според типичниот распоред, подрум (земјен), подигнат централен главен дел со големи метални кепенци, и поткровје (во најголемиот дел од овие градби централниот дел бил продавницата, а поткровјето, кое било многу ниско, делот каде што се изработувале занаетчиските производи). Но, овој дуќан, како што раскажува Димитрије, повеќе личел на браварска работилница, со струготини од метал и масло на подот, така што клавирот бил огромен контраст на целото опкружување. Кога Димитрије одел да вежба (веќе бил шеста година во Нижото музичко училиште), многу често се случувало Симон да дојде и да седне на столче да го слуша. Димитрије во тоа време веќе свирел и посложен репертоар (мазурки од Шопен и сонати од Моцарт). Редовно му носел и една чоколада (Д. Бужаровски 2020b).

Димитрије Бужаровски посебно ја истакнува улогата што во тие години ја имал Симон Бундалевски во неговиот живот. Вистински интелектуалец, со познавање на различни европски средини и култури, тој посебно влијаел и ги стимулирал интере-

сите на Димитрије и за уметностите и за науките. Во него наоѓал соговорник со кој можел да ги сподели своите музички настапи и сè што правел во животот во тие за него многу важни формативни години (основно и средно образование). Раскажува дека секогаш по доаѓањето во Битола (се сместувал кај баба му Тодорка), со нетрпение очекувал кога ќе се види со Симон, и патот кон неговата куќа го изминувал со голема возбуда. Бавењето со сериозната музика во Македонија се ценело само во еден многу тесен круг. Според кажувањата на чичко ми, музичарите биле сметани за граѓани од втор ред, нешто што било наследено од отоманскиот период, но и од генералниот став на православната црква кон инструменталната музика. Затоа таа поддршка и разговорите за филозофијата и науките, за Димитрије бил редок и многу важен настан (Д. Бужаровски 2020b).

Чичко ми Димитрије се сеќава дека посебно бил импресиониран и од огромното радио (мисли дека било Телефункен) на кое можеле да се фатат и радиостаници од други земји, кои Симон често ги слушал. На тоа радио од тие радиостаници се слушала и класична музика од други средини и посебно оперски арии (Д. Бужаровски 2020a).


Димитрије ја опишува и нивната куќа која ја делеле со уште едно семејство на Нада и Ице Иванови. Куќата била голема за тогашни стандарди, на два спрата и гледано фронтално била поделена симетрично на два дела. Однадвор имала голем покриен дрвен трем, на кој често седела Атина Ракиџиева. Внатре најнапред се влегувало во еден голем централен простор со скали кои воделе во горниот спрат. Од левата страна била кујната и уште една просторија на семејството Иванови, а од десната, поголемата просторија која била и кујнски, и трпезариски, и дневен простор на Симон и Ратка Бундалевски. На горниот спрат биле спалните.

Од она што можел да го види чичко ми, двете семејства живееле многу складно иако го делеле просторот. Тоалетот бил надвор од куќата, во прилично големиот двор кој се наоѓал пред куќата и во кој имало градина со овошни дрвја (Д. Бужаровски 2020b).



Слика 46. Ратка и Симон на стари години.Автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски





Слика 47 и 48. На првата слика од лево на десно Симон Бундалевски, Тодорка Николова род. Бундалевска, Ратка Бундалевска род. Ракиџиева и Петар Николов. На втората слика Ратка Бундалевска род. Ракиџиева, Симон Бундалевски и Александар Бундалевски (внук на Александар-Цано). Автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Димитрије секогаш бил импресиониран од внатрешноста на просторијата во која живееле Бундалевски, која била пренатрупана со намештај (најверојатно доста луксузен). Како дете се сеќава дека кај нив се организирале во тој тесен простор, ручеци за повеќе луѓе од семејството на кои се изнесувале покривачи за масата, сервис и прибори за јадење. Сè било според многу повисоки стандарди и протоколи од она што можело да се види на други места, а воедно и храната била ексклузивна (Д. Бужаровски 2020b).

Иако очигледно во овој стеснет простор во градбата која била доста стара и од турско време, (според Димитрије третирана и како споменик на културата), во неспоредливо полоши услови од оние што ги имале порано, Симон и Ратка се труделе да го сочуваат достоинството и навиките. Според Димитрије, тој никогаш не ги чул да се жалат на тешките услови и ограниченият простор, и секогаш ги памети како весели и насмеани.

Ратка од семејството наследила и фабрика за макарони во Солун, куќа во Лерин и земјиште и куќа во Бистрица. Куќата во Бистрица им била национализирана по ослободувањето, но земјиштето во Бистрица и куќата во Лерин им останале. Нив ги издавале под кирија, така што имале и некој дополнителен приход. По смртта, земјиштето во Бистрица му го оставиле на Никола, син на Цано, а куќата во Лерин на луѓето на коишто им ја издавале (Кузмановска 2020b; Кузмановски 2020).

Симон починал на 15 мај 1989 година во длабока старост, а Ратка умрела во 1990 година. Ратка сакала да пие пиво и Симон на шега ја нарекувал пијаница, за што таа му одговарала: *Ракиџиева се ѓрезивам*.

Марија-Марина Бундалевска (1901/5?–1973)



Слика 49. Марија Бундалевска на млади години. Место, година и автор непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Марија Бундалевска, а откако се замонашила го добила името Марина, е сестра на прабаба ми Тодорка (слика 49). Родена е во Битола. Единствениот податок со којшто располагам за годината кога е родена е од документот за национализација на имотот на татко ѝ Спиро. Таму е заведена како 41-годишна. Ако се одземе од годината кога е направена национализацијата добиваме дека таа е родена 1905 година во Битола. Оваа година е апсолутно погрешна. Прво, затоа што таа е родена во Битола, а во 1905 година тие веќе биле заминати во Романија. Вториот уште поцврст доказ дека е родена пред 1905 година е податокот што на една фотографија, која што е направена во Романија, се гледа Марија како девојче од 7-8 години и уште две бебиња, коишто се Ленче и Димитрија, нејзините брат и сестра, родени во перидотот од 1900 до 1905 година во Романија. Овој проблем со годината на раѓање се појави и при градбата на надгробниот споменик. Кога ѝ го правеа гробот знам дека имаа проблем со



Слика 50. Од лево на десно втора е Марија Бундалевска и трета, баба ми Вера Бужаровска род. Николова. Фотографирано во Охрид во 1935 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

тоа која година на раѓање да ѝ ја напишат. На крајот, напишана е 1901 година иако не е јасно како е одредена оваа година, бидејќи сметам дека и таа не е точна иако е поблиску до точната година, отколку 1905. Според редоследот на настаните во нејзиното семејство Марија би требало да биде родена во последната деценија од XIX век. Крстена била во црквата Св. Богородица во Битола.

Првото заминување во манастир

Првпат Марија решила да се замонаши во 1928 година. Според кажувањето на роднините таа била заљубена во некој офицер. Што станало со тој офицер не можеше да се дознае, дали ја оставил или се случило нешто друго, но главно разочарана зашто ја напуштил решила да замине во манастир и да се замонаши (Кузмановска 2018). Без да каже на никој од домашните избегала заедно со некоја нејзина другарка, ќерка на поп, во манастирот во Калишта.

Кога разбрале домашните сите биле во шок, а мајка ѝ Салумија постојано паѓала во несвест. Бидејќи брат ѝ Симон бил многу влијателна личност, успеал да ја пронајде и да ја врати дома. Од чичко ми Димитрије дознав дека во семејството кружела и приказна дека од манастирот ги вратил со чеза, и за да не му бегаат двете девојки, со косите ги врзал за седиштето. Се разбира, и тој имаше дилема во вистинитоста на оваа приказна, бидејќи Калишта е далеку од Битола и не би можело да се оди и да се врати со чеза, и дополнително тој веќе имал возило, па зошто би одел со чеза (Бужаровски 2020а).

По враќањето Марија ветила дека додека се живи мајка ѝ и татко ѝ нема да се замонашува. Семејството од страната по мајката на Марија, Салумија, било побожно и имале повеќе црковни лица, меѓу кои се вујкото на Марија кој бил игумен, потоа Партенија Зографски, подалечниот роднина Ажиески Никодин кој бил поп и други.

Во меѓувреме, откако ја вратиле од манастир, Симон се обидел повеќепати да ја омажи, но никако не успевал. Еднаш ѝ имал најдено некој Галичанец, потоа некој поп, па уште еден поп, но ништо не испаднало од тоа.



Слика 51. Марија Бундалевска во галичка носија, автор и година непознати. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Второто заминување во манастир

Кога умрела баба Салумија во 1962 година, Марија повторно решила да оди во манастир. Во есента 1964 година, во договор со баба ми Вера, дошла во Скопје божем да ги чува татко ми и чичко ми кои тогаш биле мали деца. Ги чувала неколку месеци, па потоа се замонашила во манастирот, каде што е денеска црквата Св. Јован и Теолошкиот факултет. За жал, Марија била многу добра и тивка жена и никако не се согласувала со агресивната игуменија во тоа време, посебно во првата испосничка година. По оваа година побарала да ја сместат во друг манастир и била преместена во манастирот во Зрзе. Но и во овој манастир на Марија не ѝ било лесно. Таму немало никој освен игуменијата, која исто така била многу агресивна, (инаку била Русинка) и еден монах кој воедно бил и поп за околните села (слика 52). Хиерархиски поставена над нив, таа издавала наредби кои и Марија и монахот морале да ги почитуваат. Во тоа време до Зрзе немало пат за да се стигне со автомобил, а според кажувањата на чичко ми Димитрије од манастирот до селото Зрзе требало да се искачува или симнува од планината за околу половина саат. Најблиската врска била железничката станица (мисли дека се викала Слепче) во близина на селото Костинци, на која застанувале ретки во тоа време шинобуси. Така, доколку требало да се стигне од манастирот во некој град (Прилеп), најнапред било потребно да се помине растојанието од приближно два часа од манастирот до пругата. За игуменијата Димитрије



Слика 52. Од лево на десно игуменијата, попот и на крајот Марија, тогаш веќе Марина. Фотографирано во манастирот во Зрзе во седмата деценија на XX век, автор Димитрије Бужаровски. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 53 и 54. Надгробниот споменик на Марија и Манастирот во Зрзе денес. Фотографирано во 2019 година, автор Ана Бужаровска



слушал од селаните и во манастирот дека била многу храбра жена и знаела и ноќе да слезе до селото и да оди понатаму качена на коњ (Д. Бужаровски 2019).

Марија која била навикната на градска средина и веќе била во поодминати години, побарала повторно да се префрли во друг манастир. Љубица, сестрата на баба ми и нејзиниот сопруг Иле ја однеле во Крушево, но бидејќи ѝ било тешко да се качува по угорниците, се вратила во Зрзе (Кузмановска 2018; Кузмановски 2018).

Според кажувањата на чичко ми Димитрије, кој два пати го посетил манастирот, вториот пат, во летото 1970 година, провел цела недела заедно со неговиот другар Богданчо Геровски. Во тоа време во манастирот се живеело како во среден век. Немало струја и вода, (постоел извор во вид на чешма, во средината на дворот, доста оддалечен од конакот во кој се престојувало). Храната се подготвувала комплетно во кујната за што била задолжена Марија, која месела леб и дури правела сирење. За време на нивниот престој во манастирот една недела никој не го посетил, освен една инцидентна средба со едно овчарче кое во близината ја пасело стоката. Покрај малата градина во која саделе зеленчук, за да се прехранат, тие чувале кокошки и една крава по име Петкана која им давала млеко. На Димитрије и Богданчо им била доделена должноста да се грижат за кравата во таа недела, за да не влегува во градината и да ја јаде зелката. Бројните кокошки кои се движеле слободно низ дворот, неселе многу јајца и тоа насекаде по манастирот, дури и во црквите. Димитрије и Богданчо биле и свидетели на утрински напади на орли или јастреби кои краделе кокошки (Бужаровски 2019).

Кога отишла Марија во манастир таа ги предала парите на црквата од продажбата на куќата, бавчата и ливадата што ги имала во селото Црнеец од нејзините родители и кои требале да ѝ бидат мираз доколку се омажи. Покрај ова, таа имала и една машина за шиење Сингер, која ја зела со себе и која била важна во одржувањето на облеката и постелнината.

Марија била многу добра, тивка, смирена и трпелива жена (Кузмановска 2020b; Д. Бужаровски 2019). Чичко ми ми кажуваше дека кога дошла во Скопје, тие со татко ми биле мали деца и разбирливо биле доста немирни. Но таа трпела сè и воопшто не го кревала гласот (Д. Бужаровски 2019).

Во февруари 1973 година Марија останала сама во манастирот во Зрзе. Игуменијата била отидена во Русија, кај своите роднини. Најверојатно имала мозочен удар и ја нашле падната. Ја однеле во болница во Прилеп и таму починала на 23 февруари. Заради археолошки истражувања доскоро не ѝ беше направен надгробниот споменик. По иницијатива на сестрата на баба ми Вера, Љубица Кузмановска, која собра донации од роднините, конечно Марија доби споменик каков што ѝ доликува (слика 53 и 54).

Ленче и Димитрија Бундалевски

За овие брат и сестра на прабаба ми не најдов многу податоци.

Ленче била родена 1904/5 година во Букурешт (Бундалевска 2018). Што имала завршено од образование, не знам. Починала најверојатно во 1929 година. На почетокот на 1929 година била сè уште жива и тоа се гледа од писмата што ги испраќала прабаба ми Тодорка до прадедо ми Стево, пред да ја земе бегалка. Таму таа пишува дека не може да се мажи затоа што имала две постари сестри, коишто треба први да се омажат. Баба ми Вера кажуваше дека баш кога мајка ѝ Тодорка отишла бегалка, Ленче се разболела и починала, според кое смртта би била во 1929 година. Од што точно се разболела не е јасно, но се претпоставува дека било од туберколоза (Бужаровска 2012; Кузмановска 2020b).

Димитрија, според кажувањата на Марија Бундалевска, би требало да е роден околу 1901 година во Букурешт (Бундалевска 2018). Овој податок е збунувачки бидејќи на фотографијата што ја поседувам поголемото дете што треба да е Димитрија е облечено како женско, а за другото дете не може да се каже кое е бидејќи е бебе, така што оваа дилема ќе остане отворена (види слика 12).

Нагалено Димитрија го викале Мито. Од образование не се знае што завршил, но како и брат му Симон, се занимавал со електрика. Кога ја местеле опремата и бандерите за осветлување на Битола, Мито активно помагал, а баба ми кажуваше дека се гледал качен на бандера на фотографиите, но бидејќи нема придружен текст не може да се утврди кој е Димитрија. И Димитрија умрел од туберколоза по 1930 година. Баба ми се сеќаваше на него, па затоа би требало да е умрен кон крајот на четвртата деценија од XX век (Бужаровска 2012). Прабаба ми Тодорка никогаш не сакала да говори за Ленче и Мито, бидејќи ѝ бил многу тежок нивниот губиток.



Слика 55. Според Марија Бундалевска на фотографијата е Ленче Бундалевска. Но, јас не сум сигурен дека е таа, бидејќи жената личи на повозрасна, а Ленче е почината на околу 30 години. Од семејната архива на Спиро и Марија Бундалевски



Слика 56. Исправени од лево на десно: третиот можно е да е Димитрија Бундалевски, четврта е Марија Бундалевска, па непозната, прабаба ми Тодорка Николова род. Бундалевска, прадедо ми Стево Николов и другите непознати; седнати од лево на десно: трета Салумија Бундалевска и четврти Спиро Бундалевски; најнапред второто девојче од лево е баба ми Вера Бужаровска род. Николова, а девојчето пред Спиро можно е да е Пандора Петрова род. Николова. Фотографирано во селото Црнеец во 1935/6 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

За жал, од Ленче и Димитрија не се останати фотографии (слика 55). Во една групна фотографија од семејството Бундалевци во Црнеец можно е да се јавува Димитрија (слика 56).

Александар (Цано) Бундалевски (1909–1982)

Александар или како што го викале сите Цано Бундале е најмалото дете на Спиро и Салумија. Тој е роден во 1909 година во Букурешт. И тој исто како и неговите постари браќа се бавел со електрика и во педесеттите и шеесетите години од минатиот век работел во Шеќерната фабрика во Битола, како шеф на електричарите (Кузмановска 2020b; Кузмановски 2020b).

Цано се женел два пати. Првиот брак му бил со Артими, инаку по потекло Влаинка од богато крушевско семејство, која му донела многу чеиз. Но набргу по венчавката, Артими се разболела од туберколоза и починала. Потоа, во 1938 година се оженил со Блага (Кузмановска 2020a; Кузмановски 2020) (слика 57). Во бракот имале 6 деца. Прва им се родила ќерката Загорка во 1939 година, која умрела уште како бебе. Потоа, во 1941 година им се родил синот Спиро, па во 1943 година Кирил (Кире), кој почина минатата година, Елица во 1946 година, Анѓелина (Гинка) во 1949 година и на крајот Никола во 1951 година (слика 58).


Спиро е во брак со Марија Трајчевска и во бракот имаат три деца: Весна, родена во 1965 година, Александар (Аце), роден во 1969 година и Маргарита, родена во 1977 година. Весна е во брак со Петрули Котевски и има три деца: Филип, Сандра, која е уметник и Сара. Аце се женеше два пати. Првиот брак му е со Гордана и со неа ја има ќерката Ивана, а вториот брак му е со Елена и со неа ги има ќерките Теодора и Марија. Маргарета е докторка и е во брак со Александар Камбовски. Во бракот имаат две деца, Петар и Илијана.

Кире кој почина во 2019 година, бил во брак со Марија, моминското презиме не ѝ го знам. Во бракот имаат син Томе и ќерка Елизабета. Томе е оженет со Весна и во бракот имаат две деца, Христина и Димитрија, а Елизабета е во брак со Зоран Трајков и има исто така две деца, Владе и Гоце, кој загина во сообраќајка на патот Битола – Прилеп во 2017 година.

Елица е во брак со Јаков Чалоски. Јаков бил директор



Слика 57. Блага и Цано Бундалевски за време на нивната свадба, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски



Слика 58. Шематски приказ на потомците на Александар и Блага

на стоковната куќа Јавор. Во бракот имаат две ќерки, Лилјана и Гордана, кои се омажени, но за понатаму немам податоци.

Гинка, другата ќерка на Цано е омажена за Цане Христов. Во бракот имаат две деца, Љубинка и Снежана. Љубинка е омажена со Драган Минов и има две деца, Марко и Емилија, а Снежана е разведена и има два сина.

Никола, најмалото дете на Цано и Блага, бил во брак со Соња која починала релативно млада во 2009 година. Во бракот имаат двајца синови, Јован, роден во1980 година и Симеон, роден во 1978 година. И двајцата се оженети.

Цано починал во 1982 година по кратко боледување, а Блага во 1996 година.



Слика 59. Од лево на десно, во преден план: Блага бремена со Никола, Салумија и Ратка Бундалевски. Позади од лево на десно Марија и Цано Бундалевски и Цветанка Ракиџиева. Фотографирано во Црнеец во 1950 или 1951 година, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

СЕМЕЈСТВО ХАЏИЕВСКИ

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ

Како што кажав погоре, прапрабаба ми Салумија потекнува од семејството Хаџиевци. Презимето на семејството Хаџиевски во Галичник правилно е Ажиески, бидејќи во галичкиот дијалект се губи согласката Х, а наместо согласката Џ се користи Ж. Веќе нагласив на почетокот дека галичките презимиња се со наставка *ски*, а не *вски*. Со отселувањето од Галичник некои презимиња се променети, па така и нашите претци, наместо Ажиески, се запишани како Хаџиевски и така ги среќаваме во официјалните документи.


За семејството Ажиевци книга има напишано Гапе Ажиески (Ажиески 2009). Иако има некои грешки во однос на доселувањето на Ажиевци во Галичник, произлезени од користењето на податоци од книгата на Петар Поповски (2006), *Мијаците потомци на античките Македонци и прастари жители на Матеја (Албанија)*, другите податоци се релативно точни. За гранката од семејството од која потекнуваме ние, Гапе има напишано многу малку. Тоа пред сè се должи на фактот што од таа гранка не останале машки потомци. Затоа тука ќе ја разгледаме гранката од која потекнува баба Салумија и ќе пишувам само за оваа гранка. За останатите има доволно податоци во книгата на Гапе Ажиески и кој го интересира повеќе може да прочита таму.

Семејството Ажиевци не го имало отсекогаш ова презиме. Тие во минатото се презивале Тризлоски, а подоцна со одењето на аџилак го зеле презимето Ажиевци (Огњановиќ-Лоноски 2004: 96). Инаку Тризловци, односно Ажиевци ги викале и Лај Кучковци. Според историчарот Велемир Брезоски така биле наречени бидејќи околу куќата имале стадо овци и потребен број на куќиња за да ги чуваат, па од лаењето на кучињата, кое било како татнеж, ги завикале Лај Кучковци (Ажиески 2009: 13).

Риста Огњановиќ-Лоноски вели дека Ажиевци, односно порано Тризловци, заедно со Кунчевци, Велјановци, Жиковци, Перчуклиевци, Муратовци, Лаќинци и Куцуловци произлегле од едно семејство, т. е. од Жантевци. Инаку за Жантевци, Пулевци и Церговци се смета дека се првите три фамилии коишто се доселиле во Галичник (Огњановиќ-Лоноски 2004: 94).

Мијаците во минатото имале и свое знаме. Ова знаме се користело сè до распадот на племенската организација кај Мијаците и појавата на првите преселби од мијачкиот крај. Тогаш настанале семејните мијачки знамиња (Архив на МАНУ). Семејните знамиња претставувале тотемско обележје на родот, односно самиот народ велел дека тие се обележје на куќата (Кличкова и Георгиева 1965: 120) и биле користени на свадбите. Секое семејство во Галичник имало свое знаме и тоа се чувало кај главата на семејството.[8] Овие знамиња се користеле сè до почетокот на XX век и постепено престанале да се употребуваат за време на Кралството Југославија. Иако на некои фотографии сè уште гледаме вакви знамиња, веќе во тоа време семејните знамиња постепено се заменуваат со државното знаме. Со повеќето испитаници со кои говорев не ни знаеја дека постоеле вакви семејни знамиња. Иако успеав да најдам околу 10-тина вакви знамиња на фотографии, само неколку се целосни и се гледаат убаво. На неколку фотографии успеав да го најдам семејното знаме на Ажиевци

[8] Повеќе за мијачкото знаме и семејните мијачки знамиња види во *Историја на Галичник* од Дамјан Бужаровски (во ракопис).




Слика 60. Ажиеското знаме на стари фотографии, автор непознат. Од книгата *Фактографија за семејствата Ажиевци* (Ажиески 2009: 197) и весникот *Галичник илустрирана ревија*

(слика 60). За жал, не се гледа потполно, но сепак е значајно, бидејќи ова е единственото знаме за коешто успеав да утврдам од кое семејство е. Знамето на Ажиевци во средината има крст. Во секој од аглите има полумесечина, а внатре во полумесечината како да има некој круг, но што е точно тој не можам да утврдам. Покрај полумесечината, во секој од аглите, малку повнатре, има и животно. Едното животно како да е куче, а другото овца или коњ. Крајот на платното завршува во три клина. Всушност, вакво слично знаме ни опишува Лудвик Куба кој го посетил Галичник во 1927 година. Тој вели:


> Одев од бајрак до бајрак. Освен неколкуте државни знамиња, повеќето беа во различни бои и различни шари, општо земено вкусно, стилски, хералдично составени и цртани: крст со четири полумесечини во аглите, или круг со четири крста во половините на секоја страна и др. (Куба 2007: 95)

Иако не е целосен описот, најверојатно се работи за истото знаме, само што тој не ги споменува животните.



Слика 61. Реконструкција на Ажиеското знаме

Според дадените податоци и фотографиите направив реконструкција како би изгледало целосно Ажиеското знаме (слика 61). Се соочив со проблем затоа што се гледаа само две животни. Бидејќи не знаев кои се другите животни и дали се исти или различни со тие што ги знам, ги ставив истите. Уште еден проблем беше бојата на знамето, затоа што старите фотографии се црно-бели.



Слика 62. Шематски приказ на потомците на Танаско

За да не претпоставувам која боја било знамето, го направив црно-бело. Инаку на знамињата кои се сочувани до денес, преовладува црвената боја, се среќава жолтата, а на првичното мијачко знаме ја имало и синатa боја. Претпоставувам дека знамето на Ажиевци ги содржи овие бои или некои од нив.

Најдалечниот предок на семејството Тризловци (Ажиевци) бил Мојсо. Чучка маало, односно маалото во коешто некогаш и денес се наоѓаат Ажиеските куќи, било наречено Мојсово маало, и во турските тапии куќите се водат дека се наоѓаат во Мојсово маало (Ажиески 2009: 13).

Мојсо имал еден син, Танаско Тризлоски. Танаско бил роден во 1775 година. По занимање бил сточар, како и повеќето Галичани во тоа време. За жена му нема податоци, а имал четири сина: Василко, таткото на Партенија Зографски, Тодор, Крсте и Исаја (Исо), нашиот предок (слика 62). За ќерки не се знае дали имал. Починал во 1860 година.

ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА


Исаја (Исо) Ажиески (живеел во XIX век)

Исо е роден некаде на почетокот на XIX век (слика 63). По занимање како и неговиот татко бил сточар и од него наследил дел од стадото. Изградил своја куќа во близина на другите Ажиески куќи, во Чучка маало. Оваа куќа е единствената од старите Ажиески куќи што сè уште постои (Ажиески 2009: 16).

Како се викала жената на Исо, не успеав да најдам податок. Имал четири сина: Анатолиј (Артемон-Арте), Гале, Јордан и прапрапрадедо ми Толе; и две ќерки, Докија и Левка (слика 64). Анатолиј бил посвоен во Фрчковци.



Слика 63. Исаја Ажиески, година и автор непознати. Од книгата *Фактографија за семејствата Ажиевци* (Ажиески 2009: 16)



Слика 64. Шематски приказ на потомците на Исаја

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА

Толе Хаџиевски (≈XIX век)

Таткото на прапрабаба ми Салумија се викал Толе (слика 65). Тој се женел два пати (Бужаровска: 21). Колку вкупно деца имал, не знам. Првата жена, според кажувањето на една роднина, му се викала Палентија и таа е мајката на Салумија (Бундалевска 2018). Со нејзе го имал и синот Исајло (Исо), кој подоцна ќе стане воен лекар и за него ќе стане збор подоцна. Гапе наведува дека имал ќерка Докија, додека на Салумија ѝ го има згрешено името и ја има напишано како Силвија (Ажиески 2009: 27). Од кој брак му била Докија, не знам. Од вториот брак Толе имал син кој се замонашил и станал игумен. Можно е да имал и син Димитрија, бидејќи во едно книгиче за првата термоцентрала во Битола, во коешто се говори за внук му Симон, се споменува вујко на Симон, Димитрија Хаџиевски (Добрушевски 1975: 3). Не сум сигурен, бидејќи овој Димитрија може да му е некој подалечен вујко на Симон, но кај Гапе во книгата ваков човек не среќаваме, па затоа мислам дека Толе имал и син Димитрија.



Слика 65. Толе Хаџиевски, година и автор непознати. Од книгата *Фактографија за семејствата Ажиевци* (Ажиески 2009: 27)

Толе бил прв братучед со преродбеникот Партенија Зографски, односно таткото на Партенија, Василко и таткото на Толе, Исо, како што видовме погоре биле браќа.

Толе Хаџиевски првобитно бил сточар и печалбар во Солун. Тој ја имал купено планината Черкежица, на Бистра во 1872 година (Ажиески 2009: 16). Толе бил србофил и агент на српската пропаганда. Во 1892 година заедно со неговиот роднина и галички учител Павле Ажиески го запалил бугарското училиште во Галичник (Тодоровски 1970: 201–202). Иако не пишувам за семејството Меловци, од кое потекнува мајка му на дедо ми, сакам да кажам дека Павле бил татко на Љубица Мелоска, жената на Ристе Мелоски, братот на прабаба ми Румена.

Толе бил еден од првите информатори на српската влада за состојбата во малореканските села и пошироко, а од 1888 година, па сè до 1893 година примал месечна плата за информациите кои ги давал. Политичко-просветното одделение при Министерството за надворешни работи и српскиот конзул во Битола го воделе под шифра XXXVIII (Тодоровски 1970: 189). За него постојат разни писма, објавени во повеќе книги, во кои се гледа како дејствувал во полза на оваа пропаганда. Овде ќе бидат прикажани збирно, само со оние делови кои се од нашиот посебен интерес, дословно, без поправање на печатните и другите грешки.

Писмо бр. 1

Ђорђе Поповић, генерални консул Краљевине Србије у Скопју - Др Владану Ђорђевићу, министру просвете и црквених дела Краљевине Србије у Београду

Господине Министре,

Овамо је дошао Толе Хаџијев, трговац из Галичника, који је јесенас био у Београду и кога ми је г. Министар иностраних послова у октобру препоручио, пак ме је молио, да потражим, како за њега извесну плату, за коју вели, да му је обећана, тако и плату за 5 српских учитеља, и то: Тому Грандеса у Јабланици, Зафира Татанова у Нерезима, Методија Н. Билбилова у Станчу, Арсенија Поповића у Кракарници и Ђорђа Поповића у Нисторову. За ове учитеље вели, да су у речених 5 места отворили школе после његова повратка из Београда; дакле би за њих ваљао плату почети издавати од 1. нов. о.г. Сва ова места, вели, у Дибру су, у дибарској епархији.

Толе вели, да би се школе могле отворити још у 13 села на десној обали Радике (Велике Реке, Големе Реке), и то у селу Реч, Стрезимир, Бродец, Богдово, Рибаво, Жушне, Рибница, Нивишча, Грековo, Влковица, Беличица, Киченица, Врбан. Ова села арнаутска су, али православна, не говоре српски, но имају два попа, који им служе у цркви српски. Свакако би добро било, да она добију што пре српске учитеље, да нас не би преварили Бугари, или још пре Власи, који жестоку терају пропаганду међу Цинцарима и Арнаутима.

Још ми Толе каза, да у Дибри, у селу Бочеву имају три брата Арнаута (од којих један је хоџа) и у њих се налазе четири старе српске рукописне књиге, од којих једна, како је описује, дебела је са шаке и формата малога фолија. У овој књизи, вели, има цар Стефан насликан и шта ј радио. Осим тога има у те браће два ћупа стариг сребрених и бакарних новаца. И књиге и новце вољни су продати. За књиге ишту 4 турске лире (92 динара); ћупови ваљда по погодби. Ја сам слободан препоручити ову куповину; јер село у коме су та браћа, спада у некадашњу Скендербегову државу, и данас не плаћа ни цару харача, нити даје бегу колача, па ће те књиге бити какав породични аманет из XIV или XVстолећа.

Што се ћупова тиче, може лако бити, да међу новцима има и старих српских новаца, а биће свакако новаца гдекоји у више егземплера, па би их наш музеј могао трампити са другим кабинетима за новце које нема.

Јас Вас молим, Господине Министре, да ме изволите известити што пре, да ли наш музеј рефлектује на књиге и новце, па у случају да му требају, да ми изволите за књиге послати 4 турске лире, а за новце онолику суму, колика ми се могла ризиковати на ту куповину уз нејасне податке, које ми је Толе дао. Ја сам рекао да видим књиге и новце али Толе вели, да браћа Арнаути не дају робу из руке без пара... (следува дел со други информации)

Генерални конзул
Ђ. Поповић
Генерални консулат Краљевине Србије у Скопљу
Пов. бр. 99
15. децембра 1888. године
у Скопљу
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1987: 312–315)

Писмо бр. 2

РЕФЕРАТ

Господину министру иностраних дела - о Тому[9] Хаџијевском 24 Јула 1889. г. у Београду

Господине Министре,

О Толу Хаџијевском налазио сам у актима министерства и извештајима скопљанских консула више бележака. Тога Тома знају и у друштво Св. Саве, а познао сам га и сам лично. Ја сам га из прва с неповерењем предусрео, као што у опште предусретнем свакога, који нуди услуге у пропаганди. Али сам ипак видео да у њему има нечега чуме би нам он доиста послужити могао. Он је писмен, путовао је доста, и по извештају г. Поповића, он је баш и из убеђења нашој ствари доиста неке услуге већ учинио. Ну мени све то није било доста; за то сам умолио нашег ген. консула у Скопљу, да министерству нарочитим писмом каже све што у њему зна, и он је се томе позиву одазвао и писмом од 12 јула т. г. Пов. бр. 81 одговорио ово:

„Колико сам могао за њега да дознам он је добре куће у Галичнику али је имањем посрнуо. У Дебарској страни он је добро познат и колико могу да судим из писама, која су ми у рукама, као и из добивених информација, држим да има добре везе и да је тамо у народу у доброј репутацији. Изгледа ми човек разборит и домишљан. По свему судим да би се могао ангажовати, и мислим да би могао доста помоћи да се са десне обале Дрима потисну Бугари.“

Пре него што сам се решио да пред Господина Министра изнесем питање о Толу, ја сам га питао шта би он тражио па да стане са свим у нашу службу, и он је одговорио да би био задовољан са 60 динара на месец Ја се усуђујем умолити Господина Министра да по ову цену ангажује Тола.

Секретар министерства

РЕШАВАМ

Да се Толе Хаџијевски из Галичника узме у службу наше пропаганде и агитације у Македонији и да му се за ту службу плаћа шеест динара месечно.

Нека се ово моје решење саопшти консулима Скопљу, Солуну и Битољу, и благајнику министерства, који ће му плату, почевши од 1. Августа т. г., у злату из дотичне партије издавати.

Министар
С. Грујић
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 191–192)

[9] Повторно е згрешено името, а подолу пишува Толе.

Писмо бр. 3

Ђорђе Поповић, генерални консул Краљевине Србије у Скопју – Сави Грујићу, преседнику Министерског савета и министру иностраних дела

(првиот дел од писмото не е за Толе)

За Тола Хаџијевског имао сам част јавити под 4. о.м. ПНр. 101, да су га уапсили, но да је из Дибре знао да умакне у Србију. Сада дознајем од Галичника, да су хтели да га уапсе, али за времена опоменут, па је умакао у Битољ где, веле, и сада борави. Да је у Битољу био, потврђује ми и писмо г. вицеконсула Манојловића, који ми о њему пише под 8. о.м. ПовНр. 70:

„... Неки Толе Хаџиески из Дибра, који је од мене тражио учитељску диплому, признавајући у исто доба да он не зна ни читати, ни писати, но да је ипак од г. Карића постављен са платом од 60. дин. месечно, као нека врста надзорника над свима нашим школама и учитељима у Дебри. Појимаћете, г. Генерални Консуле, да ја при таквим околностима за Тола нисам могао ништа учинити.“

Изволите, Господине Министре Преседниче, уверење у мом најодличнијем поштовању примити.

Генерални конзул
Ђ. Поповић

Генерални консулат Краљевине Србије у Скопљу
Пов. бр. 98
18. октобра 1889. године
у Скопљу
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1987: 614–615)

Писмо бр. 4

Толе Хаџијевски, родом из Галичника дебарског краја - Сави Грујићу, преседнику Министарског савета и министру иностраних дела

Господине, ја сам још пре Ускрса дошао овде у Нишу, што сам се и јавио зато вама, па сам немеран кроз неки дан да идем кући својој, услед чега сам принуђен обратити се Господину Министру с молбом, да изволите наредити дотично надлежателству да ми се изда за месец Фебруар, Март и Април на име моје плате, свега 180 динара за данас, што уједно молим Господина Министра, да ову моју скромну молбу до данас па у будуће за оставку, што најпокорније молим, да се уваже, јер имам других мојих прифатних послова.

У нади, да ће ова моја скромна молба што пре уважена бити и мени задовољења дати изволи.

Ја се налазим код Вучка Стојановића механџију, у улици новог хана у Нишу.

Покоран
Толе Аџијевски

из Галичник окр. дебарски
9. маја 1890 године
у Нишу (Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 192)

Писмо бр. 5

Толе Хаџијевски, родом из Галичника дебарског краја - Михаилу, митрополиту српском и архиепископу београдском

Молим вас Господине, да ову моју молбу прочитате. Има већ две године како сам у Српској служби. Прве године из друштво Св. Саве а друге године из министарства. У министарству био је овакав услов: да идем у своју отаџбину тамо да седим и да пазим нашу странку од непријатеља; ако неки наш непријатељ нашег Србина нападне ја да изађем против њега; да му кажем да он нема никаква посла с њим па ма какав би тј. Бугарин или Турчин. И ако позове неког учитеља турска власт од бугарских клевета за школске послове, да ја морам да идем у полицији на одговор. А књиге да ми испрати код моје куће из Битоља неки српски књижар српски Штарије Неровић. Чекао сам до 28. Августа прошле године па нема. Тад се кренем да путујем за Битољ. Прође кроз Кичевски округ да видим и тамо шта мисли народ. Одох у велики варош Хришћанску. Између Крушево и Битоља знам да има један манастир стари српски од оног времена кога су подигли наши стари Срби. Ту има једно велико здање као Хилендар на Светој Гори. И до сад није чињена никаква поправка нити има калуђера сем једног тутора и 5 момака. Исти манастир има своје имање да издржава до 100 ђака.

С тога молим да испратите једног архимандрите док нису завладали Бугари. Како има бугарски архимандрит, тако треба да има и српски. Тако сам исто говорио и у том селу где је тај манастир. И они то веле. Ту је икона Св. Саве и Симеуна. А неки Бугарин дошао и све те слике омазао /тј. окречио/ кречом, али опет се познаје.

Ту има на црквеним вратима изнутра један зазидан камен, на коме пише Српски тутори, датум и година. Ту сам нашао пергаменат тј. старе коже, књиге. На том пергаменту налазе се неки докази /списи/ српски. Од тих пергамената узео сам два за доказ, да се увере оних којих се буде тицало. А остало је још по доста на истом месту. Затим одох код г. Пере Манојловића срп. посланика у Битољ и дао сам му те 2 књиге да вам их пошаље и да вам пише да испратите неко одело за исти манастир и да узмемо све што је потребно за целу Србију. Г. Пера је казо да ће те књиге одмах послати а незнам јели то учинио или не.

Молим вас, Господине Министре, да ви то потражите од г. посланика битољског горе речене ствари који се сад налази у Београду. Да видите ако су потребне да их узмете и да пошаљете црквено одело јер нама већ нестало. Од нашег покојног Партенија Нишавског раздали смо по дебрском округу за спомен.

Молим вас Господине!

Седео сам у Битољу 3. месец због школских књига да се потврде од Моариф Комисиона па да их раздамо по школама јер је тако било наређено до турске власти.

Што је задоцнило нека је одговоран српски књижар. Што сам путовао за Цариград то сам био депешом од Г. учитеља из Скопља.

По молби његове жене која ме је заклела и молила да идем у Цариград због учитеља Атанасија отишао сам у Цариград, и по њеном питању а и дозволи Г. посланика, морао сам да идем. Кад одо тамо, одмах истог учитеља ослободише,

потврдише његову диплому и дођосмо обојица у Солун. Одатле он отиде у Скопље а мени јавља г. Посланик из Битољ да се обратим г. министру у Београд али не знам зашто. Дошао сам у Ниш 5. Августа ове год. и писао сам г. Министру да се налазим у Ниш. Он ми је одговорио да идем у Солун а сазнаћу преку полиције нишке шта је. А запрошли 3. месца плату од 180 динара ми нису послали. Трошак сам начинио за све ово време свега 150 дин.

Молим вас доставити г. Министру за ово; дали сам што под скривио те се овако поступа са мном. Зар да идем по целу Турску и мој новац да трошим као што сам и трошио. Тиме не тражим накнаду него нека ми се изда моја одређена плата и овај трошак што сам начинио у Ниш. Овако радити са једним петриотом из стране семље стидно је и жалосно. Јер ја немам новац да трошак платим у Нишу и да до моје куће одем, па онда ко оће нек буде на ову службу коју ја имам данас.

6/6 1890. год.

Ниш

Остаје понизан
Толе Аџијевски ис Дибарског
округа /Старе Србије?
Налазим се у Нишу код
Г. Вучка Стојановић, трг.
из Ниша

(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 193–194)

Писмо бр. 6

Димитрије Боди, конзул Краљевине Србије у Битољу – Сави Грујићу, председнику Министерског савета и министру иностраних дела

Господине Министре,

С позивом на Ваше писмо од 3. ов. м. ПП Но981. част ми је јавити Вам да је Толе Аџијевски из Галичника, кога сте поново примили за агента наше пропаганде, дошао овде и јавио ми се а, и ја сам га упутио куда треба да ради на нашој мисији, дававши му и нужне инструкције.

Он је већ одавде отпутовао узев са собом и извесну количину књига да их растури.

Толе је разборит човек и како сам и ја извештен, он ужива добар глас у његовом крају и зато верујем да ће нам бити од користи.

Што се тиче његове молбе да му се накнадно изда укинута награда за неколико месеци и тиме накнаде трошкови које је учинио, када је с Јунгићем ишао у Цариград, јављам следеће:

Док још нама књиге нису овде биле одобрене, а још мање наша књижара отворена, он је бавећи се овде и чекајући на одобрење књига, да би их могао понети у Галичник ради растурања, поверио ми у више пута, како би добро било да оде у Цариград те да тамо поради за одобрење књига и отварање школа.

Ову ми је потребу представљао био тада и књижар Неровић и ја сам ствар

доставио Гну Новаковићу на мнење, на што ми је Г. Новаковић одговорио, да тешкоће овде леже и да би било неуспешно да тамо долазе. Но кад је одавде Јунгић био протеран за Скопље, он је казао Толету да ће оданде ићи у Цариград да ради за отварање школа и анкуражирао је био Толета, да са њим пође чим му из Скопља телеграфира, одредив му састанак у Грацку. И заиста Јунгић је отишао и позвао Аџијевског који се одма по пријему депеше одавде за Грацко кренуо, да би Јунгића стигао, немајући времена, ни да ми се јави, већ је молио мога драгомана, кога је на путу нашао, да ме његовом одласку за Цариград извести.

Он истина није по мојој наредби ишао, али да ми се јавио, и ја би му дозволио, пошто су тада одиста тешкоће и сметње и за књиге овде постојале, и како се ово његово путовање на нашу општу ствар односило, дружим да је право да му се учињена погрешка опрости и трошкови накнаде. И што сам мнења, да му се обустављена плата за све време за које је није примио изда, па да му то буде накнада и за путне трошкове, или ако не то, а оно једна округла сума од 150-200 дин. да му се у име накнаде изда.

Издавањем ове накнаде ми ћемо га придобити, да још са бољом вољом и енергијом на нашој ствари поради. Не сумњам да ће нам користити, јер и се види, да је још и енергичан и куражан.

Изволите примити Господине Министре, уверење мога особитог поштовања.

Д. Боди

Консулат Краљевине Србије у Битољу
ПП бр. 237
10. септембра 1890. године
у Битољу
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 194–195)

Писмо бр. 7

Сави Грујићу, преседнику Министерског савета и министру иностраних дела - Димитрије Боди, конзул Краљевине Србије у Битољу
Консулату у Битољу

Господине Консуле,

С позивом на писмо ваше од 10. о. м. ПП Но част ми је известити вас да је г. Мин. решио да се Тому Хаџијевском изда сто педесет /150/ дин. у име накнаде трошкова кад је због отварања школе ишао у Цариград.

У прилогу част ми је послати вам тих 150 дин. с молбом да их издате Тому на признаницу коју ћете ми послати.

Примите поз.
Сава Грујић

Министарство иностраних дела
ПП бр. 1121
29. септембра 1890. године
у Београду
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 195–196)

Писмо бр. 8

Димитрије Боди, конзул Краљевине Србије у Битољу - Михаилу Кр. Ђорђевићу, министру иностраних дела

Господине министре,

С позивом на Ваше писмо од 3. Јануара ове год. ПП Но 6 част ми је јавити Вам, да сам дете Тола Аџијевског које је Ваш претходник изволео примити за питомца државног да се у Србији школује, данас упутио у Србију, и за путни му трошак до Београда издао по овој признаници 60 дин.

Извештавајући Вас о овоме, молим Вас, да имате доброту горњу суму накнадити ми.

Раније нисам могао дете упутити што ј било врло хладно и рђаво време.

Изволити примити, Господине Министре, уверење мога особитог поштовања.

Д. Боди

Консулат Краљевине Србије у Битољу
ПП бр. 11
4. априла 1891 године
у Битољу
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 189)

Според годината на ова писмо, изгледа се работи за некое од другите деца на Толе, бидејќи Исајло, кој исто така бил школуван на сметка на српскиот крал во ова време веќе се наоѓал во Грац и имал дипломирано. Но сепак можно е да е некоја грешка и да се работи за Толе, бидејќи прво во писмото бр. 3 пишуваше дека не бил писмен, а потоа од наредните писма гледаме дека седел во Белград па можно е за да се описмени.

Писмо бр. 9

Димитрије Боди, конзул Краљевине Србије у Битољу – Сави Грујићу, председнику Министерског савета и министру иностраних дела

Господине Министре,

У одговору на Ваше писмо од 3. ов. мес. ПП Но 1761/89, част ми је спровести Вам под ./. признаницу Тома Аџијевског[10] по којој сам му издао послатих 120 динара на име плате за месеце: новембар и децембар прошле год.

Према горњем писму Вашем, ја сам му учинио примедбу означену у поменутом писму и он ми је одговорио, да од повратка из Београда још није био у Дебру и досада још није ништа урадио, што је по Вашем наређењу дошао прво у Битољ и овде очекивао Ваша упутства, као што сте му вели, тако у Београду и казали да ће их овде добити, а поред тога да се регулише и његов материјални положај и да прими припадајућу му награду - плату.

[10] Згрешено е името, подолу во писмото си пишува Толе.

Он је додао и то да сте му у Београду изволели казати, како ћете о њему јавити за све што је нужно овоме Консулату и пошто Консулат о томе досада није ништа био извештен, зато је вели, тако дуго и седео овде, нарочито још и због новаца, јер није вели имао одкуда да живи, нити са чиме да путује.

Толе ми је изјавио да не намерава бити учитељ, јер вели није за то ни спреман, но он мисли да на делу наше пропаганде реди и да се школе у Дебру поотварају.

Где ће се и у којим местима у Дебар. нахији школа отворити засада није могао тачно још да каже. Но вели да ће отићи у Дебар и тамо ће се са својим људима проразговарати и на том порадити, па ће о томе овај Консулат известити и јавити и о томе, да ли ће бити нужно да се учитељи из Србије пошаљу или ће их тамо у местима наћи и предложити.

Извештавајући Вас о овоме, част ми је молити Вас, да би имали доброту јавити ми ради знања и управљања: оће ли Толе и даље своју плату примати, по колико месечно и одакле, јер о томе није ништа казано у Вашем горњем писму.

Ако ће примати од овог Консулата, молим да ми се о томе јави и његова плата пошаље.

Додајем и то да је он изјавио, како је у Београду примао тромесечну плату у напред, и зато је молио, да му се одсада издаје тромесечно у напред, јер не може због даљине и ради примање плате често овамо да долази.

Изволите примити Господине министре, уверење мога особитог поштовања.

Д. Боди

Консулат Краљевине Србије у Битољу
ПП бр. 5
16. јануара 1891 год.
у Битољу
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 190)

Писмо бр. 10

I

Квиту предати благајнику.

II

Аџијевском послати још 120 дин. у име плате за месец јануар и фебруар и затим прекратити му сваку даљу помоћ једно што је овогод. буџет смањен, а друго што је Аџијевски до сад није ништапривредио већ беспослен у Битољу седео.

Министар
(Грађа за историју македонског народа из Архива Србије 1991: 191)

Писмо бр. 11
Краљевско српски консулат
у Битољу
ПП Но 235
4. VII. 1892 г.

Господине Министре,

Пре извесног времена наша партија у Галичнику не желећи да има у селу бугарску школу (шп. м.) запалила је исту, дако да је све до темеља изгорела. Извршилац је Толе и Павле Аџијевски.

Због те паљевине на жалбу бугаромана они су били узимани у Дебру на одговор и у затвор стављени. Док су се одговорности и затвора ослободили они су утрошили 15 лира. Од ове суме највише су утрошиле потплаћивањем власти у Дебру да их у слободу пусте и то је учињено.

Како су ову паљевину учинили руководећи се интересима наше линије то моле да им се трошкови поводом тога надокнаде.

Налазим да је право да им се у овим трошковима помогне. И за то имам част предложити Вам ову ствар на решење, са мишљењем да им се изда 200 динара, а толико би било довољно, јер они као наши агенти уживају од нас сталну награду па исти треба сами да повуку неколико своје трошкове.

У Галичнику који је кључ Дебарског среза опажа се нови покрет наше мисије. Неколико лица су у томе место живо заузимају за нашу ствар - али да би се како тамо тако у Дебарској околини успешније радило, нарочито сада откако се у Дебру настанио архимандрит Козма који противу нас агитира, требало би тамошњим људима одредити суму у име награде и трошкова за рад што они управо траже. Нарочито за Галичник, то је нужно учинити, јер нико неће бадава да ради и опасности се излаже кад се тиче опште ствари (шп. м.)

Примите Господине Министре изразе мога особитог поштовања.

Д. Боди

За таквата дејност и успешност во застапувањето на српските интереси, на грбот од актот со кој конзулатот го известил Министерството за надворешни работи на Србија, стои:

„1. Да се од кредита за достојније заступање државних интереса даде 1.000 динара на име награде.

2. Да се накнаде трошкови Павлу и Толету.

25 јула 1892
у Београду
Министар-преседник и Министар иностраних дела,
Ник. Пашић“ (Тодоровски 1970: 201–202)

Подоцна конзулот Боди го известил политичко-просветното одделение при Министерството дека на Павле и Толе Аџиевски им дал 1200 динари (ibid. 202).

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА

Исајло Хаџиевски (≈1870–1909)

Исајло Хаџиевски е братот на мојата прапрабаба Салумија (слика 66). Тој би требало да е роден околу, односно пред 1870 година во Галичник, ако се има предвид кога ги завршил студиите. Гапе Ажиески пишува дека бил роден во 1875 година (Ажиески 2009: 35), но бидејќи постои фотографија од 1890 година од завршувањето на студиите, овој податок сигурно не е точен (слика 67).

Исајло според кажувањата на Симон Бундалевски бил познат хирург (Добрушевски 1975: 1). Но и овој податок е проблематичен, бидејќи во бугарската статија во *Дебарски глас* е опишан како србомански лекар (Дебърски гласъ 1909b: 1), додека пак кај Гапе Ажиески пишува дека бил воен лекар (Ажиески 2009: 35). Сепак доколку Исајло бил познат хирург, веројатно не би бил во Галичник и посебно не би се бавел со убиства за целите на српската пропаганда, за што ќе видиме подолу.

За почетоците на неговото школување немам никакви податоци, но претпоставувам дека основното училиште го има завршено во родното село, бидејќи во Галичник во ова време имало училиште. Српскиот конзул во Битола избирал способни и инте-



Слика 66. Исајло Хаџиевски на млади години. Од книгата Фактографија за семејствата Ажиевци (Ажиески 2009: 35)



Слика 67. На фотографијата е Исајло Хаџиевски за време на неговото дипломирање. Може да се забележи лентата што ја добил за дипломирањето, а странично е неговиот потпис. Фотографирано во Грац во 1890 година, автор Ферд. Мајер (Ferd. Mayer). Од личната архива на Дамјан Бужаровски

лигентни деца, и со средства на српскиот крал ги испраќал на школување. Бидејќи татко му на Исајло бил агент на српската пропаганда, тој бил забележан од српскиот конзул, па го ставил во српската програма за школување. Каде бил испратен да се школува нема податоци, но на крајот бил испратен на студии во тогашна Австроунгарија. Според една слика што ја имам од него, а која е од неговото дипломирање, тој завршил со студии во 1890 година во Грац (слика 67).

Животот на Исајло ќе заврши многу рано и трагично како резултат на политичките судири помеѓу приврзаниците на српската и бугарската пропаганда. Во Галичник во мај 1909 година бил убиен попот Амвросиј поп Мелетиев. Амвросија бил егзархиски свештеник во Галичник, а со формирањето на револуционерната организација за Галичник и Мијачијата во 1902 година, тој бил избран за благајник за Галичко-реканскиот подреон. Раководното тело во Галичник, покрај другите работи, собрало и над 560 златни наполеона, кои се чувале во касата на Амвросиј. Кога од Битолското окружно начелство било наредено да им се испратат 400 златни наполеони, бидејќи им биле потребни, попот Амвросиј избегнувал да ги даде и тврдел дека всушност касиер бил Василко Чоланчески, кој во тој момент бил во Солун. Тој, исто така почнал да зборува дека парите не треба да се испратат на организацијата и да служат за други реони, туку требало да се чуваат и да послужат за Галичкиот реон во случај да затребаат. Така се создале две спротивставени групи и на крајот старото раководно тело било сменето со ново (Трајчевъ 1941: 136–137; Бужаровски: 137–138). Како резултат на ваквите активности на Амвросиј, окружниот комитет сакал да расчисти со него, па затоа се одлучил да го убие и тој бил убиен во мај 1909 година од страна на четникот Божил од село Косоврасти (Фрчковски Христов: 20). Но за убиството да не излезе дека е извршено од нив, тие ги набедиле Исајло Хаџиевски и неговиот роднина Павле Ажиески, бидејќи биле србофили. Исајло во тоа време бил во



Слика 68. Сопругата на Исајло Хаџиевски Јела, фотографирана за време на нивната свадба во Белград, автор непознат. Од личната архива на Дамјан Бужаровски

Галичник и Турците го фатиле и го затвориле во затворот во Дебар. Условите таму биле многу лоши и тој добил пневмонија. По ургенција на српскиот конзул бил ослободен и испратен во санаториум во Србија, но набргу потоа тој умрел.

Исајло се оженил со некоја богата Белграѓанка на 12 мај, но на фотографијата, во годината која е напишана со мастило, е нејасна последната бројка, така што има три можни години: 1891, 1895 или 1897 година (слика 68). Жена му најверојатно се викала Јела, и бидејќи името ѝ е напишано ракописно, не може јасно да се прочита. Исајло во бракот со Јела немал деца.

Михаил (?) Хаџиевски

Баба Салумија, како што кажав погоре, имала уште еден брат, односно полубрат. По смртта на мајка ѝ, татко ѝ се преженил. Како се викал овој брат со сигурни информации не располагам. Една роднина ми кажа дека се викал Михаил, но оваа информација не е најсигурна и нема како да се потврди или отфрли (Бундалевска 2018). Уште еден проблем е тоа што овој полубрат на баба Салумија бил монах. Како таков тој кога се замонашил зел друго име. Така се појавува дилема дали се викал Михаил пред да се замонаши или откако се замонашил.

Полубратот на баба Салумија бил најпрвин калуѓер во Света Гора. Потоа се вратил во Македонија во Битола, а од таму отишол да биде игумен во некој манастир во Македонија. Можно е да бил игумен и во Бигорскиот манастир. Во секој случај, останува за него да се истражува натаму.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Објавени извори

Ажиески Галев, Гапе. 2009. *Фактографија за семејствата Ажиевци*. Скопје: Издание на авторот.

Бабам Битола. 2020. „Името и ликот на Гоце Делчев во Битола: Дали градот и ние Битолчани достојно го имаме обележано?“ Бабам Битола, 4 мај. Посетено на 16 јули 2020. https://babambitola.mk/likot-i-imeto-na-goce-delchev-vo-bitola/.

Википедија. 2020. „Радио Битола.“ Википедија. Посетено на 29 јули. https://mk.wikipedia.org/wiki/Радио_Битола.

Галичник илустирана ревија. јули 1951. Галичник.

Грађа за историју македонског народа из Архива Србије. 1987. Том IV, књига III. Београд: Архив Србије/Скопје: Архив на Македонија.

Грађа за историју македонског народа из Архива Србије. 1991. Том V, књига II. Београд: Архив Србије/Скопје: Архив на Македонија.

Граоркоски, Косто. 2009. *Света Петка заштитничка на Галичник*. Скопје: Здружение за културна афирмација на Мијаците - КАМ.

Дебърски гласъ органъ на дебърската просвѣтителна дружба. 31 май 1909. година I, брой 9.

Дебърски гласъ органъ на дебърската просвѣтителна дружба. 28 юоний 1909. година I, брой 13.

Добрушевски, Кирил. 1975. *Прва термоцентрала во Битола*. Битола: Развиток.

Кличкова, Вера и Милица Георгиева. 1965. „Свадбените обичаи од селото Галичник-Дебарско.“ *Гласник на Етнолошкиот музеј* 2: 95–184. (Скопје).

Куба, Лудвик. 2007. *Книга за Македонија*. Преведено од Донка Даниловска Роус. Скопје: Македонска реч.

Лоноски-Огњановиќ, Риста. 2004. *Галичник и Мијаците*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, Фондација Трифун Костовски.

НУ Завод и музеј Битола. 2020. „Спомен куќата на Гоце Делчев.“ НУ Завод и музеј Битола. Посетено на 16 јули. https://muzejbitola.mk/spomen-kukja-goce-delchev/.

Петковски, Менде. 2000. „Денот кога на Широк сокак светна првото електрично сонце.“ *Македонија*: 9, 30 декември.

Тодоровски, Глигор. 1970. *Малореканскиот предел општествено-економските и просветните прилики во периодот од 80-те години на XIX век до крајот на Првата светска војна*. Скопје: Институт за национална историја.

Трайчевъ, Георги. 1941. *Книга за Мияцитѣ (историко-географски очеркъ)*. София (П. Глушковъ).

Трифуноски, Ф. Јован. 1998. *Битољско-прилепска котлина антропогеографска проучавања*. Београд: Српска академија наука и уметности.

Цолев-Димоски, Ѓорѓи. 1967. „Битолчанец во октомвриските настани.“ *Развиток: литература, култура, општествени прашања* 5: 525–531.

Anuarul Bucurescilor. 1904.

Anuarul Bucurescilor. 1906.

Monitorul comunal 7 Iunie 1909. Anul XXIII, No. 23.
Monitorul comunal 27 Decembrie 1909. Anul XXIII, No. 52.
Regatul Romaniei monitorul official 10 Ianuarie 1944. Anul CXII, nr. 7.
Regatul Romaniei monitorul official 7 Mai 1947. Anul CXV, nr. 103.

Необјавени извори

Записи на Вера Бужаровска за семејството Бундалевци. (ракопис, недатирано)
Историја на Галичник од Дамјан Бужаровски. (ракопис, недатирано)
Спомени од Апостол Христов Фрчковски. (недатирано, посетено на 1 октомври 2020. http://strumski.com/library/)

Соговорници

Анто Тортески роден 1952 година. Разговарано преку Фејсбук на 10.2.2019 г.
Вера Бужаровска род. Николова, родена во Битола 1931 година, почината во Скопје во 2013 година. Разговарано во Скопје на 12.8.2012 г.
Владо Бужаровски роден во Скопје во 1963 година. Разговарано на 19.7.2020 г. во Скопје.
Гапе Ажиески роден во Галичник во 1932 година. Разговарано на 19.2.2018 г. во Скопје.
Димитрије Бужаровски роден во Скопје во 1952 година. Разговарано во повеќе наврати. Прв пат на 20.07.2019 г. во Охрид, втор пат на 9.2.2020 г. во Скопје и трет пат на 20.6.2020 г. во Скопје.
Загорка (Горица) Перишиќ род. Мелоска, родена во Галичник во 1933 година. Разговарано на 18.8.2018 г. во Скопје.
Илија Кузмановски, роден во Крушево во 1943 година. Разговарано во повеќе наврати: прв пат во декември 2017 година во Скопје, па на 5.5.2018 г. во Битола и на 17.8.2020 г. телефонски.
Катерина Сфиеа Димчевичи, родена во Букурешт, Романија во 1962 година. Разговарано во повеќе наврати: прв пат на 5.9.2019 г. преку Фејсбук, потоа на 2.10.2019 г. повторно преку Фејсбук и на 26.10.2019 г. телефонски.
Љубица Кузмановска род. Николова, родена во Битола во 1943 година. Разговарано во повеќе наврати: прв пат во декември 2017 година во Скопје, па на 5.5.2018 г. во Битола, трет пат во мај 2020 г. телефонски и четврти пат на 17.8.2020 г. исто така телефонски.
Марија Бундалевска род. Трајчевска, родена во Битуша, Леринси во 1945 година. Разговарано на 5.5.2018 г. во Битола.
Паула Станеску род. Теофиловичи, родена во Букурешт во 1934 година, а почината во 2020 година исто така во Букурешт. Разговарано телефонски на 26.10.2019 г.
Томо Черепналкоски, роден во Галичник во 1952 година. Разговарано во Скопје на 8.12.2018 г.

Други извори

Архив на МАНУ „Харалампие Поленаковиќ“, фонд Тома Смиљаниќ Брадина.
Државен архив на РСМ, фонд 516 Архиерејски намесништва Галичник (1919–1941).
Документарен филм *Згаснаа старите градски фенери*, по сценарио на Вера Бужаровска, Телевизија Скопје, 1979 година. Посетено на 22 октомври 2020. http://arhiva.mrt.com.mk/video/show/5858.
Документарен филм *Македонците во Романија*, по сценарио и текст на Јован Дамјановски, телевизија Кисс Тетово, 2002 година.

Документи

Бундалевска Марија. 1929. Поштенска картичка до Надежда и Танас Теофиловичи. Битољ.
Бундалевски Симон и Ратка. 1930. Честитка до Надежда и Танас Теофиловичи. Битољ.
Бундалевски Симон и Ратка. 1940. Честитка до Танас Теофиловичи. Битољ.
Бундалеску Гица. 1969. Писмо до Тодорка и Стеван Николови. Букурешт.
Бундалеску Гица. 1969. Честитка до Тодорка и Стеван Николови. Букурешт.
Бундалеску Гица. 1970. Писмо до Тодорка Николова. Букурешт.
Бундалеску Стелиан. Честитка до Тодорка и Стеван Николови. Букурешт.
Жална вест, починал Бундалевски С. Александар. 1982. Битола.
Комисија за одлучување по барањата за денационализација. 2004. Решение. Битола.
Матична служба. 1981. Извод од матична книга на умрените на Тодорка Николова. Битола.
Матична служба. 1989. Извод од матична книга на умрените на Симеон Бундалевски. Битола.
Месна аргарна комисија. 1946. Предмет Спиро С. Бундалески. Црнејец.
Народен одбро на градот Битола. 1951. Лична карта на Тодорка Николова. Битола.
Николови Тодорка и Стеван. 1929. Љубовни писма. Црнејец.
Општински суд. 1973. Решение за законски наследници врз оставнината на Марија Бундалевска. Битола.
Општински суд. 1980. Решение за законски наследници врз оставнината на Спиро Бундалевски. Битола.
Покана за свадба на Симеон и Ратка Бундалевски. 1923. Битољ.
Теофиловичи Надежда 1987. Писмо до Вера Бужаровска. Букурешт.
Теофиловичи Надежда 1989. Честитка до Вера Бужаровска. Букурешт.

Parochia Bisericei. 1908. Certificat. Bucurest.

ISBN 978-608-245-614-0